www.nvosorabotka.gov.mk
nvosorabotka@gs.gov.mk

Одделение за соработка со невладини организации на
Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија

# [ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ОД АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА СОРАБОТКА НА ВЛАДАТА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР (2012 – 2017)]

## (ПО 1) Цел 1: Унапредување на правната рамка за граѓанските организации и нејзино хармонизирано спроведување

### Резултат 1: Граѓанските организации делуваат врз овозможувачка и поттикнувачка правна рамка

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Следење на спроведувањето на Законот за здруженија и фондации (носител: Министерство за правда)** | | | | | | | |
| 1.1.Формирање на работна група за подготовка на систем за следење и оценување | Формирана е меѓусекторска работна група и подготвен е систем за следење и оценување | □ Да<br>■ Не<br>□ Во тек | | | | | |
| 1.2.Изготвување извештај за прогресот на спроведување на Законот | Информациите за спроведувањето на Законот од министер-ствата и другите институции се испратени најмалку еднаш годишно | □ Да<br>■ Не<br>□ Во тек | Министерството за правда во рамките на своите капацитети континуирано го дава својот придонес особено на планот на создавање развиен и одржлив граѓански сектор. | | | | |
| 1.3.Подготовка на извештај со | Изработени се два годишни извештаи за спроведување на | □ Да<br>■Не<br>□ Во тек | Министерството за правда има превземено и спроведено дел од мерките и активностите предвидени во ПО 1, кои продолжуваат и во | | | | |

## Приоритетна област 1: РАЗВИЕН И ОДРЖЛИВ ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| препораки за унапредување на Законот | Законот<br>Организирани се најмалку два настани и подготвени се предлози за спроведување на препораките<br><br>Еден извештај со препораки и план за потребните активности се изработени во соработка со ОДУ и ГО<br><br>Број на доставени мислења до надлежните институции<br><br>Број на разрешени неконзизстент-ности | | претстојниот период, а динамиката на нивното превземање и роковите за реализација ќе се утврдат во периодот 2015-2017. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

## Резултат 2: Статусот на организации од јавен интерес (ОЈИ) функционално се спроведува

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Зајакнување на капацитетите на Комисијата за ОЈИ и воспоставување на внатрешни механизми (носител: Генерален секретаријат-Одделение за соработка со НВО)** | | | | | | | |
| 1.1.Подготвување на интерни акти на Комисијата за ОЈИ | Усвоен е Деловникот за работа на Комисијата за ОЈИ и други акти потребни за работата | ■ Да<br>□ Не<br>□ Во тек | Согласно Законот за здруженија и фондации и Правилникот за начинот и критериумите за избор, како и причините за престанок на вршењето на работата на претседателот и членовите на Комисијата за организации со статус на јавен интерес, Владата на РМ на 2.03.2012 год. донесе Решение за именување претседател и членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес. Деловникот за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес е донесен на втората седница на Комисијата, одржана на 7.05.2012 година. На истата седница Комисијата утврди образец на Барање за добивање статус на организација од јавен интерес. Поради истекот на мандатот на члновите на Комисијата, на 29.03.2016 година, Владата на РМ донесе ново решение за именување претседател и членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес. | Претседателот и членовите на Комисијата за организации со статус од јавен интерес од Министерство за образование и наука, Министерство за финансии, Министерстство за правда, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за култура, | Нема фискални импликации | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за локална самоуправа, Агенција за млади и спорт, и два члена од здруженија избрани по пат на оглас | | | |
| 1.2. Анализа на потребите за градење на капацитетите на Комисијата за ОЈИ | | ■ Да<br>□ Не<br>□ Во тек | Потребите за обука се дефинирани на втората седница на Комисијата за ОЈИ, одржана на 7.05.2012 год. | Претседателот и членовите на Комисијата за организации со статус од јавен интерес | Нема фискални импликации | | |
| 1.3Организирањ е обуки и други активности за членовите на Комисијата за ОЈИ | Одржани се најмалку две обуки за членовите на Комисијата во првата година од нивната работа | ■ Да<br>□ Не<br>□ Во тек | Во рамките на проектот - „Овозможувачка правна рамка за граѓанските организации" на 09 и 10.07.2012 год. во просториите на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во Скопје се одржа обука на членовите на Комисијата за ОЈИ и вработени во Одделението за соработка со НВО на Генералниот секретаријат на тема: „Статус од | Претседателот и членовите на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, Одделението за соработка | Семинарот е организиран во рамките на проектот ТАКСО финансиран од ЕУ | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Барањата од граѓанските организации за добивање статус на ОЈИ се аргументи-рано и стручно образложени | | јавен интерес“. Проектот е финансиран од страна на УСАИД, а спроведуван од Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) од Будимпешта и МЦМС.<br><br>Цел на обуката беше да се придонесе кон зголемување на знаењето од областа на граѓанските организации согласно домашната регулатива и меѓународните акти, како и да се придонесе кон подобрена практична примена на одредбите од Законот за здруженија и фондации кои го регулираат статусот на организации од јавен интерес. Покрај обучувачите од ЕЦНЛ и МЦМС, практични искуства во процесот на регистрација на здруженија и фондации пренесе регистратор од Централниот регистар на Република Македонија.<br><br>Капацитетите на Комисијата за ОЈИ дополнително се зајакнати со две обуки во 2013 година:<br>1. Семинар Организации од јавен интерес – состојби и перспективи, организиран од проектот ТАКСО (Техничка поддршка за граѓанските организации) на 22.5.2013 година во соработка со Комисијата за ОЈИ и Одделението за соработка со невладини организации. На семинарот учествуваа претставници од 35 здруженија и фондации и 4 членови на | со НВО и граѓански организации | Настанот е организиран како дел од проектот „Овозможувачка правна рамка“ на МЦМС и ЕЦНЛ, поддржан од УСАИД | | |

## Приоритетна област 1: РАЗВИЕН И ОДРЖЛИВ ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Комисијата, на следните теми:<br>- Правна рамка и процедури за добивање на статус на организација од јавен интерес;<br>- Споредбени согледувања за статус на организација од јавен интерес и потреба од дополнување на законските одредби.<br>2. Консултативен настан на тема: Предизвици при спроведувањето на Законот за здруженија и фондации, на 09.07.2013 година во организација на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ), со доминантна тема – директните економски активности и можноста за регистрирање на организација со статус од јавен интерес.<br>Исто така, на барање на Комисијата, Одделението за соработка со НВО подготви Компаративна анализа: Организации со статус од јавен интерес во Европа и Анализа на практичната примена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. | | | | |

Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: Комисијата за организации со статус од јавен интерес во текот на своето петгодишно постоење ги донесе сите потребни акти за успешно извршување на своите надлежности (Деловник за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес; Образец на Барање за добивање статус на организација од јавен интерес и Листа на потребни документи за добивање статус на организација од јавен интерес), воспостави своја веб страница, како посебен дел на веб страницата на Одделение за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија www.nvosoraboka.gov.mk и ги зајакна капацитетите на членовите на Комисијата за практична примена на одредбите од Законот за здруженија и фондации кои го регулираат

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| статусот на организации од јавен интерес, со што се создадени основните претпоставки статусот на организации од јавен интерес функционално да се спроведува. | | | | | | | |
| **Мерка 2: Се следи доделувањето на статусот и ефектот од спроведување на статусот на ОЈИ (носител: Генерален секретаријат-Одделение за соработка со НВО)** | | | | | | | |
| 2.1Подготвување на годишни извештаи | Воспоставен е систем за следење и оценување кој овозможува преглед на информации за ефектот од спроведување на статусот на ОЈИ.<br><br>Подготвен е годишен извештај за работата на Комисијата за ОЈИ секоја година базиран на системот за следење и оценување и објавен на веб- | ■ Да<br>□ Не<br>□ Во тек | Одделението за соработка со НВО на Генералниот секретаријат, во рамките на административната и стручна поддршка на работата на Комисијата за ОЈИ секоја година подготвува извештај за работа на Комисијата, што Комисијата го разгледува и утврдува и го доставува за информирање на до Владата на РМ. Извештаите се објавени на веб страницата на Комисијата.<br>- Извештајот за работа на Комисијата за ОЈИ во 2012 год. Владата го разгледа на 05.03.2013 год.<br>- Извештајот за работа на Комисијата за ОЈИ во 2013 год. Владата го разгледа на 11.03.2014 год.<br>- Извештајот за работа на Комисијата за ОЈИ за 2014 год. Владата го разгледа на 24.03.2015 год.<br>- Извештајот за работа на Комисијата за ОЈИ за 2015 год. Владата го разгледа на 15.03.2016 год.<br>- Извештајот за работа на Комисијата за ОЈИ за 2016 год. Владата го разгледа на 14.03.2017 год.<br>Во првата половина на 2017 год. Комисијата за организации со статус од јавен интерес одржа три седници. | Претседателот и членовите на Комисијата за организации со статус од јавен интерес и Одделението за соработка со НВО на Генерален секретаријат | Нема фискални импликации | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | страницата на Генерален секретаријат-Одделение за соработка со НВО | | | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: Со разгледување на годишните извештаи за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес се овозможува Владата на Република Македонија да го следи доделувањето на статусот и ефектот од спроведување на статусот на ОЈИ, а објавувањето на извештајот на веб страницата на Комисијата придонесува за транспарентност во најзината работа. | | | | | | | |
| **Мерка 3: Достапност на информациите за организации со статус од јавен интерес (носител: Генерален секретаријат-Одделение за соработка со НВО)** | | | | | | | |
| 3.1.Креирање и објавување електронска база на податоци за организации со статус од јавен интерес. *(поврзаност со мерка за интегрирана електронска база)* | Базата на податоци е поставена на веб-страницата на Одделението за соработка во невладини организации и ги вклучува сите организации што имаат добиено статус на ОЈИ | ■ Да ☐ Не ☐ Во тек | Податоците за работа на Комисијата за ОЈИ се објавуваат во посебен дел на веб страницата на Одделението за соработка со НВО www.nvosorabotka.gov.mk каде е објавен и Список на здруженија и фондации на кои им е доделен статус на организација од јавен интерес (согласно член 81 став 2 алинеја 10 од Законот за здруженија и фондации). | Претседателот и членовите на Комисијата за организации со статус од јавен интерес и Одделениеот за соработка со НВО | Нема фискални импликации | | |

**Приоритетна област 1: РАЗВИЕН И ОДРЖЛИВ ГРАЃАНСКИ СЕКТОР**

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.Ажурирање на информациите во базата на податоци | Одделението за соработка со невладини организации еднаш месечно ги ажурира информациите во базата на податоци | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Базата на податоци е соодветно ажурирана на веб страницата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес.<br>На предлог на Комисијата, Владата на Република Македонија има донесено вкупно четири решенија за доделување статус на организација од јавен интерес. Првото Решение беше донесено на седницата одржана на 11.12.2013 год. а останатите три решенија се донесени во текот на 2017 год. на седниците одржани на 4.4.2017 год. и 31.5.2017 год. | Одделениеот за соработка со НВО | Нема фискални импликации | | |

Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: Објавувањето на податоците за работата на Комисијата за организаци со статус од јавен интерес на веб страницата на Комисијата придонесува за транспарентност во најзината работа.

## Резултат 3: Финансиското работење на граѓанските организации е подобрено

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници - јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Правната рамка за финансиско работење на граѓанските организации соодветствува на потребите и карактеристиките на секторот (носител: Министерство за финансии, УЈП)** | | | | | | | |
| 1.1.Изработка на анализа за примената на Законот за сметководство на непрофитните организации и подзаконски акти | Изработена е една анализа која содржи и препораки за подобрување на Законот и подзаконските акти | ■Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | На иницијатива на Министерството за финансии, во текот на 2013 и 2014 година се одржаа состаноци со претставници на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат и граѓански организации, на кои се оцени дека не се потребни измени во законот, туку во подзаконската регулатива за сметководство за непрофитни организации.<br>По објавениот Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на РМ за 2017 год. (објавен во август 2016 год.) Здружението Конект достави предлог измени на Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации, што ќе се имаат предвид при изготвување на подзаконската регулатива за сметководството на непрофитни организации. | Министерство за финансии, Одделение за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, ЕЦНЛ, Здружение Конект и др. | Нема фискални импликации | | |

## Приоритетна област 1: РАЗВИЕН И ОДРЖЛИВ ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници - јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2. Формирање на работна група за подготвување на измени во Законот или подзаконските акти | Подготвени се предлог-измените и дополнувањата на Законот од страна на меѓусекторска работна група.<br>Усвоени се измените во Законот и/или подзаконските акти во согласност со препораките | ☐Да<br>■ Не<br>☐ Во тек | Поврзано со 1.1.<br>Работна група за подготвување на измени на подзаконската регулатива за сметководството за непрофитни организации нема да се формира. Граѓанските организации како засегнати страни ќе бидат вклучени во процесот на подготовка на подзаконските акти, преку доставување на свои мислења и одржување на состаноци по предложените измени, врз основа на што изготвените подзаконски акти ќе бидат во согласност со препораките. | | | | |

Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта:

**Резултат 4: Правната рамка за перењето пари и финансирање тероризам соодветствува на карактеристиките на секторот**

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Подобрување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам во согласност со домашните услови и меѓународните регулативи (носител: Министерство за финансии, Управа за финансиско разузнавање)** | | | | | | | |
| 1.1. Подготовка на споредбена и домашна анализа на постојниот Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам и неговото спроведување | Изработена е една анализа која содржи и препораки за подобрување на Законот и подзаконските акти | ■Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Согласно Извештајот на Moneyval Комитетот при Советот на Европа од 2014 година за спроведената евалуација на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на РМ и дадените препораки за надминување на утврдените недостатоци и усогласување со меѓународните стандарди во 2014 година е усвоен нов Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам (Службен весник на РМ бр 130/2014). За целите на усогласување со Законот за прекршоци во 2015 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам (Службен весник на РМ бр 192/2015). Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам ги исклучува здруженијата и фондациите од групата на субјекти кои се задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на | Министерство за финансии, Здружение на банкарство | Нема фискални импликации | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | тероризам. | | | | |
| 1.2. Формирање работна група за подговување на измени на Законот или подзаконските акти | Подготвени се предлог измени и дополнувања на Законот од страна на меѓусекторска работна група<br><br>Усвоени се измените на Законот и/или подзаконските акти во согласност со препораките | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Во септември 2014 год. донесен е нов Закон за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам („Службен весник на РМ“ бр.130/2014), со кој се изземени здруженијата од субјектите кои имаат обврска да ги преземаат мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (член 3). | | | | |

Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: Со донесување на новиот Закон за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам се изврши усогласување на правната рамка во оваа област со меѓународните стандарди и карактеристиките на граѓанскиот сектор во Република Македонија.

## (ПО 1) Цел 2: Придонес кон развојот на граѓанските организации преку стекнување со добивка и даночни олеснувања

### Резултат 1: Граѓанските организации ја користат добивката стекната од дејности

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Информирање на граѓанските организации и давање насоки за механизмите за стекнување добивка (носител: Министерство за правда, Министерство за финансии)** | | | | | | | |
| 1.1.Формирање на меѓусектор-ска работна група за подготовка на прирачник и насоки | | ☐ Да<br>■ Не<br>☐ Во тек | Министерството за финансии во 2013 год. предложи активноста да се избрише. Според известувањето на Министерството, резултатот 1 не е јасно дефиниран и треба да се избрише од причини што не е јасно какви дополнителни насоки би им се предложиле на организациите за остварување на добивка, освен истите да ги имаат предвид и да ги почитуваат одредбите од Законот за здруженија и фондации. Согласно член 12 од овој закон, организациите не можат да се основаат за стекнување на добивка. Организациите можат да вршат дејности со кои можат да стекнат добивка, ако дејноста е поврзана со целите утврдени со статутот. Ако во работењето на организациите се оствари добивка, таа мора да биде употребена за остварување на целите утврдени со статутот. Остварената добивка, не може да се распределува помеѓу основачите, членовите, членови на органите, директорите, вработените | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | или било кое друго со нив поврзано лице. | | | | |
| 1.2.Подготовка на прирачник | Изготвен е Прирачникот и е дистрибуиран до граѓанските организации<br>Граѓанските организации информираат за зголемена добивка од дејности | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Активноста е реализирана од граѓанскиот сектор. Во 2013 година Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) публикуваше прирачник „Економски активности: Вршење дејност од граѓанска организација“. | Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: Со прирачникот се промовираат можностите за вршење економски активности за граѓанските организации кои произлегуваат од Законот за здруженија и фондации. | | | | | | | |

**Резултат 2: Здруженијата и фондациите менаџираат и користат резервни фондови**

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Подобрување на правната рамка за користење на резервни фондови (носител: Министерство за правда, Министерство за финансии)** | | | | | | | |
| 1.1. Анализа на потребите и измени на законите за да се овозможи формирање на резервни фондови | Изработена е една анализа која содржи и препораки за подобрување на можностите за користење на резервни фондови | ☐ Да<br>■ Не<br>☐ Во тек | Министерството за правда смета дека носител на оваа мерка треба да биде Министерството за финансии.<br>Министерството за финансии во 2013 год. укажа мерката 1 да се избрише, од причини што формирањето на резерни фондови ќе ја наметне потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија, надвор од оние средства кои редовно се обезбедуват во рамките на Буџетот на Владата на Република Македонија преку кои се врши финансирање на здруженија и фондации. | | | | |
| 1.2.Организирање информативни настани и дискусии по препораките | Организирани се најмалку два настани и подготвени се предлози за спроведување на препораките | ☐ Да<br>■ Не<br>☐ Во тек | Министерството за финансии во 2013 год. укажа мерката 1 да се избрише, согласно причините образложени под 1.1. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

## Резултат 3: Даночната рамка за стекнување со добивка е подобрена

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Вклучување на даночни олеснувања во Закон за данок на добивка за граѓанските организации (носител: Министерство за финансии)** | | | | | | | |
| 1.1. Формирање работна група за подготовка на измени на Законот за данок на добивка | Подготвени се предлог-измени и дополнувања на Законот од страна на меѓусекторска работната група<br><br>Усвоени се измените во Законот кои предвидуваат даночни олеснувања за граѓанските организации<br><br>Зголемен број граѓански организации кои ја користат и известуваат за остварената добивка | ☐ Да<br>☐ Не<br>■ Во тек | Министерството за финансии во 2013 и 2014 год. извести дека мерката не е прецизна и јасна, односно во истата не е конкретно наведено за какви даночни олеснувања станува збор. Во Законот за донации и спонзорства во јавните дејности веќе се вградени и даночни поттикнувања (за ДДВ, персонален данок на доход и данок на добивка), а со последните измени на овој закон се изврши и нивно допрецизирање, како и појаснување на начинот и постапката за искористување на овие даночни поттикнувања. Од тие причини министерството смета дека мерката 1 треба да се избрише од Акцискиот план, а доколку дополнително граѓанскиот сектор достави конкретни предлози за измени и дополнувања на законската рамка, Министерството за финансии ќе ги разгледа и дополнително ќе се произнесе по секој од нив.<br>Од страна на граѓанскиот сектор (здруженијата Конект и Центарот за даночни политики) | Здружение Конект, Центар за даночни политики, Министерство за финансии, УЈП, Генерален секретаријат-Одделение за соработка со НВО | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | подготвена е Компаративна анализа на даночната рамка за граѓанските организации (персонален данок на доход и данок на добивка). На 1.06.2015 година, во рамките на проектот ТАКСО, беше организиран работен состанок за презентација на Компаративната анализа, со учество на претставници од Здружението Конект, Центарот за даночни политики, Македонскиот центар за меѓународна соработка, Министерството зафинансии, УЈП и Генерален секретаријат-Одделение за соработка со НВО.<br>Исто така, по објавениот Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на РМ за 2017 год. (објавен во август 2016 год.) Здружението Конект достави предлог-измени на закони кои се релевантни за финансиската одржливост на граѓанските организации, меѓу кои и Законот за данок на добивка, што ќе биде предмет на дополнителна анализа од страна на Министерството за финансии. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

## Резултат 4: ОЈИ имаат дополнителни даночни олеснувања

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Вклучување на даночни олеснувања во законите за ДДВ и персонален данок на доход (носител: Министерство за финансии)** | | | | | | | |
| 1.1. Формирање работна група за подготовка на измени на законите за ДДВ и персонален данок на доход | Подготвени се предлог -измените и дополнувања на Законот од страна на меѓусекторска работната група<br>Усвоени се измените во законите кои соодветствуваат на потребите | ☐ Да<br>☐ Не<br>■ Во тек | Министерството за финансии во 2013 и 2014 год. извести дека мерката не е прецизна и јасна, однсно во истата не е конкретно наведено за какви даночни олеснувања станува збор. Во Законот за донации и спонзорства во јавните дејности веќе се вградени и даночни поттикнувања (за ДДВ, персонален данок на доход и данок на добивка), а со последните измени на овој закон се изврши и нивно допрецизирање, како и појаснување на начинот и постапката за искористување на овие даночни поттикнувања. Од тие прични министерството смета дека мерката 1 треба да се избрише од Акцискиот план, а доколку дополнително граѓанскиот сектор достави конкретни предлози за измени и доплнувања на законската рамка, Министерството за финансии ќе ги разгледа и дополнително ќе се произнесе по секој од нив.<br>Од страна на граѓанскиот сектор (здруженијата Конект и Центарот за даночни политики) подготвена е Компаративна анализа на | Здружение Конект, Центар за даночни политики, Министерство за финансии, УЈП, Генерален секретаријат-Одделение за соработка со НВО | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | даночната рамка за граѓанските организации (персонален данок на доход и данок на добивка).<br>На 1.06.2015 година, во рамките на проектот ТАКСО, беше организиран работен состанок за презентација на Компаративната анализа, со учество на претставници од Здружението Конект, Центарот за даночни политики, Македонскиот центар за меѓународна соработка, Министерството зафинансии, УЈП и Генерален секретаријат-Одделение за соработка со НВО.<br>Исто така, по објавениот Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на РМ за 2017 год. (објавен во август 2016 год.) Здружението Конект достави предлог-измени на закони кои се релевантни за финансиската одржливост на граѓанските организации, меѓу кои и Законот за персонален данок на доход, кои Министерството за финансии ќе ги имплементира во законската регулатива за персонален данок на доход. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

## (ПО 1) Цел 3: Придонес кон развојот на граѓанските организации преку директна финансиска поддршка

### Резултат 1: Приходите од игри на среќа и забавни игри се распределуваат во согласност со европските практики и домашните потреби

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Правната рамка за финансирање од приходите од игри на среќа соодветствува со европските регулаторни практики и потребите на граѓанските организации (носител: Министерство за труд и социјална политика)** | | | | | | | |
| 1.1.Подготвување на домашна и споредбена анализа за потребите и можностите за распределба на средствата од игрите на среќа за поддршка на граѓанските организации и подготвување на препораки | Изработена е една анализа која содржи и препораки за подобрување на распределбата на средствата од Законот за игри на среќа и подзаконските акти | ☐ Да<br>☐ Не<br>■ Во тек | Средствата се делат согласно Законот за инвалидски организации, Законот за социјална заштита, Годишната програма на министерството за труд и социјална политика и Одлука на Влада на РМ.<br>Министерството за труд и социјална политика ги анализира годишните извештаи од работењето на невладините организации согласно тековната програма и врз основа на истите се подготвува нова Одлука за распределба на приходите од игри на среќа. За нова распределба потребни се измени на Законот за игри на среќа. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

**Резултат 2: Граѓанските организации се институционално /организациски поддржани за спроведување на нивните активности**

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Зајакнување на институционалната поддршка на граѓанските организации и за кофинансирање на проектите на организациите (носител: Министерство за финансии, Генерален секретаријат –Одделение за соработка со НВО, Секретаријат за европски прашања)** | | | | | | | |
| 1.1. Анализа на европските практики за институционална поддршка на граѓанските организации | Изработена е една анализа за можните модели за институционална поддршка врз основа на европските практики и домашната состојба Утврдени се препораки за применливи модели за институционална поддршка и кофинансирање на граѓанските организации | ☐ Да ■ Не ☐ Во тек | | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2. Формирање работна група за подготовка на предлог-модел за институционалн а поддршка | Подготвен е предлог-модел согласно препораките од страна на меѓусекторска работна група<br>Воспоставен е модел за инстуционална поддршка и кофинансирање<br>Број на граѓанските организации кои користат средства за инстуционална поддршка<br>Број на организации кои добиваат поддршка од Буџетот на Република Македонија за кофинансирање на проекти | ☐ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Секоја година од Буџетот на Република Македонија се обезбедува финансиска поддршка на проекти на граѓанските организации.<br>На 18.12.2012 год. **Владата на РМ** донесе Одлука за распределба на средствата до Буџетот на РМ за 2012 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации, со која беа распределени 12.000.000 денари на 40 здруженија и фондации, согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2012 година.<br>На 17.12.2013 год. **Владата на РМ** донесе Одлука за распределба на средствата до Буџетот на РМ за 2013 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.183/2013), со која беа распределени 12.000.000 денари на 40 здруженија и фондации, согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2013 година.<br>На 23.12.2014 год. **Владата на РМ** донесе Одлука за распределба на средствата до Буџетот на РМ за 2014 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.193/2014), со која беа распределени 12.000.000 денари на 40 здруженија и фондации, согласно Програмата за | Генерален секретаријат<br><br>Секретаријат за спроведув. на Рамковен договор<br><br>Мин.за труд и социјална политика,<br><br>Мин. за економија<br><br>Мин. за животна средина и просторно планирање<br><br>Мин.за култура<br><br>Мин. за одбрана | Влада на РМ 12.000.000 ден.<br><br>Секретаријат за спроведувањ е на Рамковниот договор 10.000.000 ден.<br><br>550.000 ден. за спроведувањ е на активности од Програмата за заштита на потрошувачи те (Мин. за економија)<br><br>Министерств о за животна | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2014 година.<br>На 30.10.2015 год. **Владата на РМ** донесе Одлука за распределба на средствата до Буџетот на РМ за 2015 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.195/2015), со која беа распределени 12.000.000 денари на 40 здруженија и фондации, согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2015 година.<br>На 5.04.2016 год. **Владата на РМ** донесе Одлука за распределба на средствата до Буџетот на РМ за 2016 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.68/2016), со која беа распределени 12.000.000 денари на 40 здруженија и фондации, согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2016 година.<br>**Владата на РМ** на седницата одржана на 22.6.2017 год. донесе Одлука за престанување на важење на Одлуката за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2017 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.77/2017).<br>На 6.04.2016 год. Владата на РМ донесе Одлуката | | средина и просторно планирање 500.000 ден.<br><br>66.000.000 од приходите од игри на среќа и забавни игри | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | за распределба на средства од Буџетот на РМ за 2016 год. наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации со цел промовирање на меѓуетничките односи и спроведување на Рамковниот договор („Службен весник на РМ“ бр.68/2016), со која се изврши распределба на 10.000.000 денари од Буџетот на **Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор** на 25 здруженија.<br>На 10.11.2015 год. Владата на РМ донесе Одлука за распределба на средства од Буџетот на РМ за 2015 год. наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации со цел промовирање на меѓуетничките односи („Службен весник на РМ“ бр.199/2015), со која се изврши распределба на 10.000.000 денари од Буџетот на Секретаријатот за спорведување на Рамковниот договор на 29 здруженија.<br>На 21.12.2013 година Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии склучи договори со 14 здруженија/фондации добитници на грантови од грантовата шема „Поддршка на зајакнувањето, одржливоста и развојот на активно граѓанско општество“ (ИПА 2009) во вкупна вредност од 1.499.992.51 евра, во траење од 12 до 18 месеци. Во текот на 2014-2015 год. ИПА Структурата на **Генералниот секретаријат** на Владата го | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | следеше спроведувањето на проектите на добитниците на грантови.<br>На 20.11.2015 година Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии склучи договори со 12 здруженија/фондации добитници на грантови од грантовата шема „Понатамошен развој и финансиска одржливост на граѓанскиот сектор“ (ИПА 2011*)* во вкупна вредност од 1.345.949,23 евра, во траење од 14 до 18 месеци. Во текот на 2016 – 2017 година ИПА Структурата на Генералниот секретаријат на Владата го следеше спроведувањето на овие проекти.<br>**Министерството за труд и социјална политика** во текот на 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017 год. обезбеди поддршка на повеќе проекти на здруженија од областа на социјалната заштита:<br>- Проект за социјална заштита на деца од улица и Проект за социјална заштита – Дневни центри за лица над 18 години со пречки во интелектуалниот развој (во 2016, 2015, 2014, 2013 и 2012 година);<br>- Проекти за реализација на планот за воспоставување на социјални служби во заедницата за лица со попреченост во менталниот развој над 18 години во Град Скопје и Општина Неготино, како и функционирање на Националните инвалидски организации и Црвениот крст (во 2017, 2016, 2015, 2013, 2012 год); | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | - Проекти за заштита од семејно насилство (во 2017, 2016,2015, 2014, 2013 и 2012 год.);<br>- Проект за помош и превенција од дрога насилство (во 2014, 2013 и 2012 год.);<br>- Проект за обука на маргинализирани групи (во 2014 год.);<br>- Проект на здружение на граѓани за заштита од семејно насилство врз деца (во 2013 год.).<br>- Проект за обука на новинари за соодветно информирање во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија (во 2012 год.);<br>- Проект за социјална заштита на деца на улица (2017, 2016,2015,2014,2013, 2012 год.)<br>- Проект за психо – социјална поддршка на деца во социјален ризик (2017 год.)<br>-Проект за унапредување на работата на Дневен центар за деца со аутизам Штип (2017 год.)<br>-Проект за реинтеграција на бездомни лица (2017)<br>Активностите предвидени во Програмата за заштита на потрошувачите **Министерството за економија** ги реализираше во соработка со Организацијата на потрошувачите на Македонија, во име на конзорциумот на организациите на потрошувачите на Штип, Битола, Кочани, Охрид и Тетово, а врз основа на објавен Јавен повик и склучен Договор за доделување финансиски средства во износ од 520.000 ден. за реализација на програма (проект), | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | кој вклучува: организирање на трибини за информирање на потрошувачите за безбедноста на производите кои се пуштаат на пазарот и за законските прописи со кои се регулира оваа област во Скопје и Прилеп; информирање на потрошувачите за можноста за електронско тргување и заштита на нивните права со организирање на 2 настани во Скопје и Охрид; организирање на 3 настани во Тетово, Битола и Скопје за информирање за новините во Законот за заштита на потрошувачите, како и за членство на Организацијата на потрошувачите на Македонија во Европската организација на потрошувачите BEUC и во Светската потрошувачка организација Consumers International, во износ од 80.000 ден.<br>Врз основа на Законот за поттикнување и помагање на техничката култура **Министерството за образование и наука** континуирано ја поттикнува и помага техничката култура во Република Македонија, преку доделување на средства за остварување на програмите за работа, односно проектите во областа на техничката култура, што ја остваруваат здруженија на граѓани на кои им е доверено вршење на јавни овластувања од страна на Министерството, согланзо овој или друг закон.<br>Согласно Законот за култура, **Министерството за** | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **култура** објавува годишни конкурси за финансирање на програми и проекти од национален интерес во културата, на кој може да учествуваат: уметници, самостојни уметници, приватни установи, локални установи, други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата. Согласно приоритетите на конкурсите, здруженијата можат да конкурираат за средства од областа на музичко-сценка дејност, издачка дејност, галериска дејност, дејности за посредување во културата, театарска дејност, фолклор, музејска дејност и меѓународна соработка.<br>Во Буџетот на Министерството за култура за 2013 год., програма 91-организации од областа на културата, од која се финансираат и невладините организации, предвидени беа 5.000.000 денари, но согласно приоритетите во конкурсите, здруженијата можат да конкурираат и да им се одобрат средства и од други програми, односно дејности од областа на културата (музичко-сценска дејност, издавачка дејност, фолклор, музејска дејност, меѓународна соработка).<br>Согласно Акцискиот план за развој и унапредување на креативните индустрии 2015-2018, во рамките на Секторот за европски интеграции беше објавен конкурс и во 2016 година се одобрени 61 проект кои нудат различни | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | иновативни уметнички форми и содржат препознатливи естетски вредности. Овие проекти не се однесуваат само на здуженија на граѓани, туку претежно на физички лица.<br>Министерството за култура во 2016 год. поддржа 435 проекти на здруженија, со средства во висина од 96.937.312 денари од различни дејности од областа на културата (музичко-сценска дејност, издавачка дејност, галериска дејност, дејности за посредување во културата, театарска дејност, фолклор, музејска дејност, меѓународна соработка, европски интеграции и креативни индустрии, авторски и сродни права).<br>Министерството за култура во годишната програма за 2017 год.одобрило поддршка на 483 проекти на здруженија, со средства во висина од 100.455.715 денари од различни дејности од областа на културата (музичко-сценска дејност, издавачка дејност, галериска дејност, дејности за посредување во културата, театарска дејност, фолклор, музејска дејност, меѓународна соработка, европски интеграции и креативни индустрии, авторски и сродни права).<br>Поддршката на Министерството за култура во 2016 и 2017 год. била наменета за организирање на одредени активности на самите здруженија на граѓани или создавање на културно уметнички производи. Здруженијата се јавуваат во улога на | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | корисници на средства на министерството, како и останатите корисници (национални, локални институции од областа на културата, приватни организации и др.), а нивните активности не биле дизајнирани во насока на придонес за развој на конкретен дијалог и соработка меѓу Министерството за култура и граѓанскиот сектор, во насока на стратешка соработка и суштинско вклучување на граѓаните во процесите на креирање на заеднички, инклузивни политики и пракси.<br>**Министерството за животна средина и просторно планирање** ги поддржува граѓанските организации преку годишната Програма за инвестиции во животната средина, при што во 2016 година беа доделени 500.000 денари на НВО за областа климатски промени.<br>Дел од севкупната соработка на **Министерството за одбрана** со граѓанскиот сектор е и обезбедувањето објекти за граѓанските организации и поддршка преку обезбедување на простор за реализација на нивните активности (најчесто Домот на АРМ, без надомест). | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

## (ПО 1) Цел 4: Доделувањето средства за граѓанските организации од Буџетот и нивното користење е унапредено

### Резултат 1: Правната рамка и практиката за доделување на средства се подобрени

| Активности | Индикатори | Статус на реализација | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Донесување на обврзувачки акт (правилник) за распределба на средства за граѓанските организации од Буџетот (носител: Министерство за правда, Министерството за финансии, Генерален секретаријат –Одделение за соработка со НВО)** | | | | | | | |
| 1.1. Формирана е работна група за изготвување на систем на правила и процедури за распределба на средства за граѓанските организации од Буџетот и измени на Законот за здруженија и фондации. | Изменет е Законот за здруженија и фондации со воведување правен основ за донесување на обврзувачки акт (правилник) за распределба на средства за граѓанските организации од Буџетот<br><br>Подготвен е обврзувачки акт (правилник) од страна на меѓусекторска работна група | ☐ Да<br>☐ Не<br>■ Во тек | Министерството за труд и социјална политика има Правилник за начинот и постапката за доделување на средства на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на социјалната заштита (“Службен весник на Република Македонија“ бр.24/05 и 38/07).<br><br>Министерството за правда во 2013 год. подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации со цел воведување правен основ за донесување на обврзувачки акт за распределба на средства за граѓански те организации од Буџетот. Дополнително е оценето дека постојните одредби на законот содржат доволен правен основ за донесување на актот.<br><br>Генералниот секретаријат – Одделение за соработка со НВО подготви Предлог-одлука за условите за распределба и користење на | Мин. за правда<br><br>Генерален секретаријат - Одделение за соработка со НВО | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Усвоен е обврувачки акт и системот за доделување на средства се применува | | средствата од Буџетот на РМ наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации. Во текот на 2014 год. се спроведе консултативен процес со граѓанскиот сектор преку веб страната на Одделението www.nvosorabotka.gov.mk и беа организирани две консултативни средби (од страна на ЛАК групата на проектот ТАКСО и од Балканската мрежа за развој на граѓанското општество БЦСДН).<br>На 30.06.2015 год. во Скопје во организација на проектот ТАКСО беше организирана консултативна средба со граѓанскиот сектор „Состојбите и предизвиците во однос на финансирањето на здруженија и фондации од буџетот на државата“ на која учествуваа и претставници на Одделението за соработка со НВО на Генералниот секретаријат. Вакви средби беа организирани на 2.07 во Битола и 9.07 во Радовиш. Извештајот од консултациите е достапен на www.tacso.org<br>Во рамките на проектот „Кон реформирано државно финансирање на граѓанските организации“, финсиран од ЕУ, а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка, во текот на 2016 год. подготвена е Компаративна анализа на систамот на државно финансирање за граѓански организации, а на 8 и 9.11.2016 год. се одржа Конференција „Потенцијалот на | | Проект ТАКСО финансиран од ЕУ<br><br>Проект Кон реформира-но државно финансира-ње на граѓанските организации, | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | државното финансирање за одржливоста на граѓанските организации“ на која учествуваа и претставници на Одделението за соработка со НВО на Генералниот секретаријат. Очекувани резултати од овој проект во 2017 година се Препораки за усогласување на системот на државно финансирање и Прирачник за државно финансирање. | | финансиран од ЕУ, ИПА 2011 | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |
| **Мерка 2: Вклучување на теми за системот на финансирање на граѓанските организации во програмите з а обука на државните службеници (носител: Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за финансии, Генерален секретаријат –Одделение за соработка со НВО)** | | | | | | | |
| 2.1.Оддржување на обуки за финансирање на граѓанските организации | Одржани се најмалку две обуки за одговорни лица во органите на државна управа во првата година од спроведување на системот Средствата се доделуваат и користат во согласност со воспоставениот | ☐ Да ■ Не ☐ Во тек | Во МИОА не се предвидени средства за одржување на обуки од ваков тип. | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | систем на правила и процедури | | | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |
| **Мерка 3: Донесување на прирачник за доделување средства на ГО и следење на користењето на средствата согласно актите (Генерален секретаријат –Одделение за соработка со НВО, Министерство за финансии )** | | | | | | | |
| 3.1.Подготовка на прирачник за финансирање на граѓанските организации | Изготвен е Прирачникот за доделување средства и следење на користењето на средствата од граѓанските организации и е дистрибуиран до органите на државна управа и граѓанските организации<br><br>Министерствата ги доделуваат средствата на граѓанските организации и го следат нивното користење согласно | ☐ Да<br>■ Не<br>☐ Во тек | Активноста ќе се реализира по донесување на правно обврзувачкиот акт за распределба на средствата на граѓанските организации од Буџетот. | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | прирачникот | | | | | | |
| 3.2.Организирање консултативни настани и дискусии со граѓанските организации | Организирани се најмалку два консултативни настани според предлог-прирачникот и моделите | ☐ Да<br>■ Не<br>☐ Во тек | | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |
| **Мерка 4: Овозможување на достапност на информациите за сите организации кои добиле средства од Буџетот на Република Македонија и статусот на нивните проекти. (поврзаност со мерка за интегрирана електронска база) (носител: Генерален секретаријат –Одделение за соработка со НВО, сите ресорни министерства)** | | | | | | | |
| 4.1. Креирање и објавување на база на податоци за граѓанските организации на кои им биле доделени средства од Буџетот на Република Македонија. | Базата на податоци е поставена на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации.<br><br>Базата на податоци нуди преглед по категории за поддржани граѓанските | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Базата на податоци е воспоставена на 6.07.2017 година на веб страницата на Одделението за соработка со со НВО www.nvosorabotka.gov.mk и содржи детален преглед на целта и активностите на проектите на здруженијата и фондациите финансиски поддржани од Владата на РМ во периодот 2012-2016 година, како и структурата на искористените средства.<br>Одлуката за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации се објавува во „Службен весник на РМ“ и на веб страницата | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | организации на кои им биле доделени средства од Буџетот на Република Македонија,и видови проекти за кои добиле средства<br><br>Изработен е еден годишен извештај за доделувањето и користењето на средствата и е објавен на веб-страницата на Генералниот секретаријат-Одделение за соработка со НВО | | www.nvosorabotka.gov.mk.<br>Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2012 година е разгледан од Владата на 2.04.2014 год.<br>Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2013 година е разгледан од Владата на 8.12.2014 год.<br>Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2014 година е разгледан од Владата на 17.11.2015 год.<br>Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2015 година е разгледан од Владата на 5.10.2016 год.<br>Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2016 година е разгледан од Владата на 21.04.2017 год. | | | | |
| 4.2.Ажурирање на информациите во базата на податоци. | Одделението за соработка со невладини организации еднаш месечно ги ажурира информациите во базата на податоци. | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Веб страната на Одделението за соработка со НВО www.nvosorabotka.gov.mk содржи посебен дел Финансиска поддршка, што редовно се ажурира. | | | | |

## (ПО 2) Цел 1: Подобрување на условите за учество на граѓанските организации во креирање политики и донесување одлуки

### Резултат 1: Граѓанските организации се вклучуваат во сите процеси на креирање политики и закони, во согласност со пропишаните правила и процедури нивните мислења се интегрираат во документите

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Следење на спроведувањето на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики (носител: Генерален секретаријат –Одделение за соработка со НВО)** | | | | | | | |
| 1.1.Изготвување анализа за прогресот на спроведување на Кодексот | Информации за спроведувањето на Кодексот врз основа на воспоставениот систем или најмалку еднаш годишно испратени од органите на државна управа до Генералниот | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Согласно член 16 од Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политки, Генералниот секретаријат по секоја втора година од примена на Кодексот врши оценка на спроведувањето и дава препораки за подобрување на соработката. Одделението за соработка со НВО, поддржано преку ИПА 2008 проектот „Техничка поддршка на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат“ изврши анализа на спроведувањето на Кодексот, а Информацијата со препораките за унапредување на примента на Кодексот беше достапна 15 дена за мислење и коментари од граѓанските организации на веб страницата на Одделението | Генерален секретаријат – Одделение за соработка со НВО, во соработка со органите на државна управа<br><br>Мин.за труд и социјална политика<br><br>Мин. за | Нема фискални импликации | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | секретаријат-Одделение за соработка со НВО<br><br>Изработени се годишни извештаи за спроведувањето на Кодексот<br><br>Подготвена и објавена е една анализа за прогресот на спроведување на Кодексот | | www.nvosorabotka.gov.mk. Информацијата беше разгледана од страна на Владата на 21.5.2013 год.<br>На 25.08.2015 год. Одделението за соработка со НВО на Генералниот секретаријат подготви, а Владата на РМ разгледа Информација за прогресот на активностите во врска со реализацијата на проектот „Соработка на Владата со граѓанскиот сектор“, која содржи анализа на спроведувањето на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики за периодот 2013-2015 година, подготвена врз основа на Прашалник што Одделението за соработка со НВО го дистрибуираше до органите на државната управа. Информацијата е објавена на веб страната на Одделението за соработка со НВО www.nvosorabotka.gov.mk во делот Спроведување на Стратегијата.<br>Согласно член 16 став 2 од Кодексот во август на веб страницата на Одделението за соработка со НВО и на ЕНЕР се објавува Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија. До Одделението за соработка со НВО се пристигнати 3 иницијативи за 2014 година и по 7 иницијативи за 2015, 2016 и за 2017 година и истите се проследени до ресорните министерства. Иницијативите и одговорите од ресорните министерства се објавени на веб страницата на Одделението | економија<br><br>Мин.за животна средина и просторно планирање<br><br>Мин. за земјоделство, шумарство и водостоп.<br><br>Мин. за култура<br><br>Мин. за транспорт и врски<br><br>Мин. за одбрана<br><br>Агенција за млади и спорт | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализација | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | www.nvosorabotka.gov.mk.<br>**Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор** за подготовка на Извештајот за спроведување на Рамковниот договор за социјална инклузија формираше шест работни групи и беа одржани тематски консултации во кои со свои предлози и мислење учествуваа и претставници на граѓански организации.<br>Министерствата активно ги вклучуваат граѓанските организаци во работни групи за подготовка на регулативата. Таков е примерот на **Министерството за труд и социјална политика** при подготовка на Предлог-Законот за социјално претприемништво и Правилникот за проценка на децата со попреченост, за кој се одржани и 5 регионални јавни дебати со граѓанскиот сектор, Стратегијата за заштита од семејно насилство, ОП за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, ОП за стари лица и сл.<br>Во **Министерството за економија** беше организирана средба на Советот за заштита на потрошувачите (формиран од Владата на РМ) со Советите за заштита на потрошувачите на општините и градот Скопје за презентирање на активностите спроведени во рамките на Програмата за заштита на потрошувачите за 2016 год.<br>**Министерството за животна средина и просторно** | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **планирање** организираше јавни расправи при спроведување на постапките за Оценка на влијание врз животната средина и издавање на А еколошки интегрирани дозволи, две консултативни средби со граѓански организации (август и септември 2016 год.) насловени како „Дијалог со граѓанскиот сектор и предлог идеи“, годишна средба на граѓански организации за животна средина и одржлив развој организирана во соработка со Милеуконтакт Македонија и Македонски Зелен Центар, како и две средби (мај и декмври 2016 год.) организирани во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите за имплементација на Натура 2000“. Граѓанските организации се вклучени и во одбележувањето на деновите од еконолшкиот календар (22 април, 5 јуни, 22 септември), а во март 2015 е одржана редовна годишна средба со здруженијата кои делуваат во областа на животната средина.<br>**Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** активно соработува со здруженијата од областа на земјоделското производство (МАП-Македонска асоцијалија на преработувачи на овошје и зеленчук, Виктоија-здружение на производители и извозници на свежо овошје и зеленчук, Вина од Македонија – здружение на призводители и извозници на вино, Федерација на фармери на РМ, Македонско-руска стопанска | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализација | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | комора, земјоделските здруженија Веге Мак и Веге Фреш итн.) во реализацијата на проектот за Национална промоција на македонското извозно земјоделство, особено при изготвување на едногодишен план за промоција согласно потребите на производителите , со кој се утврдува учеството и листата на саеми кои ќе бидат поддржани од годишната Програма за финансиска поддршка на руралниот развој. Министерството соработуваше и со Центарот за одржлив рурален развој АЛКА при подготовка на Прирачник за заштитени ознаки за квалитет, а одржани се голем број на информативни работилници со здруженијата Рес Груп, Охридска черешна, Здружение на пчелари Нектар од Битола, Слу Фуд Македонија и др.<br>**Министерството за образование и наука** со помош на ЕУ го реализира проектот Рамковен договор за Техничка помош за подготовка на сеопфатна Стретегија за образование 2016-2020 спроведен од Агриконсалтинг Европа од Белгија. Новиот Стратешки документ (сеопфатната Стратегија за образованието 2017-2020) и нејзиниот Акциски план, се креираа преку процес на широки консултации и учество на релевентни чинители, со реализација на голем број средби, дискусии, дебати и конференции. Во разни фази на изработка на Стратегијата, од утврдувањето на предизвиците и приоритетите до | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | формулирањето на финалниот текст консултации се вршеа со јавни, приватни, невладини и донаторски организации. Ваквиот пристап ќе стане еден од најзначајните заштитни мерки за успешно спроведување на Стратегијата.<br>Со изразувањето интерес за учество на Република Македонија во новата програма за истражување и иновации Хоризонт 2020, Секторот за наука и иновации на Министерството за образование и наука, во соработка со Националните контакт лица во 2014, 2015 и 2016 год. вршеше континуирано информирање на научно-истражувачката и бизнис заедницата, како и на претставници на граѓанскиот сектор за можностите кои ги нуди оваа програма.<br>**Министерството за култура** соработува со граѓанскиот сектор во сите фази на изработка на законските прописи како на пример: Одделението за европски инеграции и имплементација на прописи од областа на културата и Канцеларијата на Креативна Европа. Исто така, Министерството за култура остварува интензивна комуникација и соработка со граѓанскиот сектор од аспект на авторското право и сродните права. Во периодот август 2016 – август 2017 год. во организација на Министеството за култура одржана е една јавна расправа (27.7.2017 год.) во просториите на Националната Галерија „Даут Пашин Амам“ за | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализација | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | состојбата во авторското право и сродните права со посебен осврт на колективното управување и Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права, во насока на усогласување со Директивата 2014/26/ЕС.<br>Во јуни 2017 година, високи претставници на Министерството за култура учествуваа на јавни расправи организирани од граѓанските организации: Јавна дискусија „Рок ен ролот како нов саундтрак на Министерството за култура на РМ“ во организација на иницитивата за неформална асоцијација на рок – музичари (1.06.2017); Јавна дискусија „Инвестирање во културата/уметноста или можности за демаскирање“, ФРУ (Акто Фестивал) со поддршка од Фондација Фридрих Еберт (17.6.2017); Јавна дискусија „Како до квалитетна публика“ во Битола, 27.6.2017, во организација на МКЦ Битола; Јавна дискусија „Што треба да се прави со Скопје 2014?“, 30.6.2017, во организација на „Плоштад Слобода“, со поддршка од Фондацијата „Хајнрих Бел“.<br>**Министерството за транспорт и врски** реализираше активна соработка со граѓанскиот сектор при подготовка на измените на Законот за градење и два подзаконски акти, Предлог-законот за скијалишта (со здружението на граѓани Планинарски клуб „Љуботен“, Скијачки клуб „Маврово“ и Скијачка федерација на Македонија) и | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализација | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | при подготовка на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај (со СИЗ Македонија сообраќај АМЕРИТ, здружението „Исток“ и Макам –Транс). Исто така, Министерството за транспорт и врски реализираше активна соработка со асоцијациите за превоз на патници и стока во патниот сообраќај за изменување и дополнување на Законот за јавни патишта, Законот за превоз во патниот сообраќај, Правилникот за патен налог, Правилникот за посебните техничко-експлоатациони услови за возилата, Уредбата за распределба на транспортни дозвои и други правни акти, а Секторот за европска унија имаше успешна соработка со Полио Плус во реализацијата на проектот „Рехабилитација и надградба на железничката станица Скопје согласно најдобрите европски практики“.<br>**Министерството за одбрана** остварува активна соработка со граѓанскиот сектор со учество на конференции, работилници и сл. од областа на одбраната, унапредување на човековите права, родовата рамноправност, сајбер-безбедноста, заштитата на животната средина итн. а еден од најдобрите примери е организацијата и реализацијата на активности со Евроатланскиот совет на Македонија (АТА-Македонија), особено годишната конференција посветена на безбедносни | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | прашања и на интеграцијата на РМ во евроатланските структури на која министерството е претставено на високо ниво.<br>**Агенцијата за млади и спорт** во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) во 2015 год. го водеше процесот на креирање Национална стратегија за млади 2016-2025, преку работни групи во кои беа вклучени претставници на граѓански организации и институции во 9 приоритетни области: младинско учество, младинско информирање, локална младинска работа, образование, вработување, култура, здравје, спорт и квалитет на живеење. Националната стратегија за млади Владата на РМ ја усвои на 2.02.2016 година, а во март 2016 год беше подготвен Акциски план за имплементација мерките од Националната стратегија за периодот 2016-2017 год. Исто така, беше започнат и процесот на изработка на Мониторинг систем за следење и евалуација на имплементацијата на мерките од стратегијата и акцискиот план. Агенцијата за млади и спорт беше активно вклучена и во процесот на воспоставување и натамошно функционирање на Регионалната канцеларија за младинска соработка за Западен Балкан (RYCO), согласно Заедничката декларација за нејзино основање, потпишана од страна на премиерите на Македонија, Албанија, Србија, Црна | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Гора, Босна и Херцеговина и Косово. | | | | |
| 1.2.Подготовка на извештај со препораки за унапредување на системот. | Организирани се најмалку два настани и подготвени се предлози за спроведување на препораките<br><br>Еден извештај со препораки и план за потребните активности е изработен во соработка со органите на државна управа и граѓанските организации | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Согласно член 16 од Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политки, Генералниот секретаријат по секоја втора година од примена на Кодексот врши оценка на спроведувањето и дава препораки за подобрување на соработката. Информацијата за спроведување на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики беше разгледана од Владата на седницата одржана на 21.05.2013 год. Исто така, Одделението за соработка со НВО на Генералниот секретаријат подготви, а Владата на РМ на 25.08.2015 год. разгледа Информација за прогресот на активностите во врска со реализацијата на проектот „Соработка на Владата со граѓанскиот сектор", која содржи анализа на спроведувањето на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики за периодот 2013-2015 година, подготвена врз основа на Прашалник што Одделението за соработка со НВО го дистрибуираше до органите на државната управа. Информацијата е објавена на веб страната на Одделението за соработка со НВО www.nvosorabotka.gov.mk во делот Спроведување на Стратегијата. | Генерален секретаријат – Одделение за соработка со НВО, во соработка со органите на државна управа | Нема фискални импликации | | |

## Приоритетна област 2: УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСИТЕ НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ, ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОНИ И ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

| Активности | Индикатори | Статус на реализација | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: Следењето на примената на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики придонесува кон зголемено учество на граѓанските организации во процесите на креирање политики и изработка на закони. | | | | | | | |
| **Мерка 2: Утврдување на потребите и можностите за нормативно-правно уредување на постапката за изготвување закони и консултации со засегнатите страни (носител: Генерален секретаријат –Одделение за соработка со НВО, Министерство за информатичко општество и администрација)** | | | | | | | |
| 2.1. Подготовка на анализа на постојната правна рамка и практики со препораки за нормативно-правно уредување | Изработена е и објавена една анализа која содржи и препораки | ■Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Континуирано се спроведуваат активности што произлегуваат од Акцискиот план за подобрување на регулаторната реформа во Република Македонија, меѓу кои, донесени се: Методологија за проценка на влијание на регулативата (ПВР), Одлука за формата и содржината на Извештајот за ПВР, Упатство за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на ПВР, Методологијата за оценка на спроведување на регулативата, Прирачник за засегнати страни-Консултациите во процесот на креирање политики во Владата на РМ. | Мин. за информатичко општество и админ. | | | |
| 2.2.Организирање на консултативни средби со цел анализа на состојбите, утврдување на | Организирани се најмалку два настани и подготвени се предлози за спроведување на | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Организирана е една промоција на ЕНЕР и една работилница со практична работа на ЕНЕР системот со учество на претставници од бизнис заедницата, граѓанскиот сектор и државната администрација.Врз основа на оваа работилница произлегоа низа предлози за подобра соработка помеѓу ГО и државната администрација.<br>Организирани се 9 настани со цел прибирање на | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализација | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| потребите и подобрување на регулативата за граѓанското учество. | препораките<br>Утврдени се препораки за видот на нормативно-правните решенија<br>Спроведени се препораките за подобрување на регулативата | | предлози во рамките на проектот РГ 4 фаза предводени од страна на министерот и заменик министерот за информатичко општество и администрација, на кои што присуствуваа претставници од бизнис заедницата и невладините организации од 14 поголеми општини во Р. Македонија.<br>Врз основа на 109 –те добиени предлози, усвоен е Акционен план (АП) од страна на ВРМ кој што содржи вкупно 40 мерки за реализација. Реализацијата на мерките од АП за регулаторна гилотина IV фаза е сеуште во тек.<br><br>На 25.12.2014 година се пушти во употреба Новиот ЕНЕР, кој покрај новиот дизајн нуди нови современи и практични модули и тоа:<br><br>- Едноставна регистрација и упатства за користење на ЕНЕР ;<br>- Нова систематизација на прописите согласно категоризација која се користи од Службениот весник на Република Македонија ;<br>- Системско конфигуриран период на автоматска објава на коментар, со што ќе се овозможи поголма ажурност на навремено објавување на коментари ;<br>- Поставување на бројчаник, односно јасно прикажување на денот и часот на завршување на | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | процесот на консултација, со што ќе се овозможи поголема сигурност кај јавните корисници во кој временски период ќе може да ги испратат своите коментари;<br>- Воведување на нови линкови (новости – автоматско објавување на известувањето за почеток на процес на подготовка на закон, најави за јавни расправи за нацрт закони и планови за ПВР )<br>- Воспоставување на правила и услови за користење на ЕНЕР и итн.<br>- Една од најголемите придобивки од новиот ЕНЕР е неговата интеграција со мултиплатформскиот систем за колаборација за е-Седница, со што ќе се оневозможи доставување на предлог-закони за разгледување во владина постапка, доколку претходно текстот на предлог-законот не е објавен на ЕНЕР.<br>Во текот на 2015 година беше спроведена обука за ПВР и употребата на ЕНЕР за 87 државни службеници. | | | | |

| |
|---|
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: Активностите во обаа област придонесуваат кон унапредување на консултативниот процес со граѓанскиот сектор при креирањето на политиките и донесувањето на законите. |

## Резултат 2: Практиката за вклучување на граѓанските организации во процесите на креирање политики и донесување закони е подобрена и органите на државна управа конзистентно ги спроведуваат правилата

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Вклучување на теми за учество во процесите на креирање политики и донесување закони во програмите за обука на државни те службеници (носител: Министерство за информатичко општество и администрација)** | | | | | | | |
| 1.1.Подготовка на нови програми за обука на државните службеници. | Усвоени се и применети се нови програми за обуки за државните службеници | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Министерот за информатичко општество и администрација, врз основа на член 7 став (1) алинеја (14) од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014 и 199/2014), има донесено:<br>- Годишна програма за генерички обуки на административните службеници за 2015 год. и<br>- Годишна програма за генерички обуки на административните службеници за 2016 год.<br>- Годишна програма за генерички обуки на административните службеници за 2017 год. | Мин. за информа-тичко општество и админ. | | | |
| 2.1.Одржување на обуките | Одржани се барем две обуки годишно на овие теми.<br>Бројот на случаи на вклучување и консултирање на граѓанските | ☐ Да<br>☐ Не<br>■Во тек | Во рамките на Годишната програма за генерички обуки на административните службеници за 2015 година, спроведена е обука на тема: „Стратешко лидерство и вештини за креирање политики'. Овој модул на обука е спроведен 2 пати со вкупно 27 учесници. | Мин. за информа-тичко општество и админ. | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | организации се зголемени | | | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |
| **Мерка 2: Зголемена координација и вклучување на граѓанските организации во работни групи за креирање политики и донесување закони (носител: Генерален секретаријат –Одделение за соработка со НВО, ресорни министерства)** | | | | | | | |
| 2.1.Определување на лице за контакт во секое министерство одговорно за водење на консултациите | . | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Министерствата имаат определено контакт лице за ЕНЕР<br><br>На веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk е објавена ажурирана листа на членовите на мрежата државни службеници одговорни за соработка со граѓанскиот сектор | Генерален секретаријат – Одделение за соработка со НВО, органите на државна управа | | | |
| 2.2. Изработка на модели на постапки и критериуми за вклучување на граѓанските организации во работни групи | Организирани се најмалку две консултативни средби и подготвени се предлози за вклучување на граѓанските организации во работни групи<br><br>Подготвени се | ☐ Да<br>☐ Не<br>■ Во тек | Согласно мерката од CAF - Зајакнување на партнерства со: граѓански и деловен сектор, преку развивање на механизми за редовна соработка (редовни состаноци) и развивање на заеднички проекти, во тек се подготовки за определување на субјекти од граѓанскиот и деловниот сектор со кои МИОА ќе воспостави соработка и подготовка за потпишување на Меморандуми за соработка со граѓанскиот и деловниот сектор. | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | модели и обрасци за вклучување и се користат во сите процеси на донесување закони. | | | | | | |
| 2.3. Изработка на обрасци за вклучување на граѓанските организации во работните групи | Број на вклучени организации во работни групи<br><br>Вклучување на граѓанските организации во овие процеси подобрена | ☐ Да<br>■ Не<br>☐ Во тек | | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

## (ПО 2) Цел 2: Унапредување на процесот на информирање и консултации со граѓанскиот сектор преку промовирање на ИКТ

### Резултат 1: Министерствата вршат консултации и вклучуваат граѓански организации , а организациите полесно се координираат

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Достапност на информациите за вклучените организации во процесите на креирање политики и донесување закони (носител: Генерален секретаријат –Одделение за соработка со НВО, Министерство за информатичко општество и администрација, ресорни министерства)** | | | | | | | |
| 1.1. Креирање и објавување на електронска база на податоци за учество на граѓанските организации во рамките на консултативни процеси со различни министерства. | Базата на податоци е поставена на веб-страницата на Одделението за соработка во невладини организации и содржи информации за организации што се вклучени во работни групи | ☐ Да<br>■ Не<br>☐ Во тек | Процесот на консултации по предлозите на закони се остварува преку порталот ЕНЕР, кој редовно се ажурира, како и веб страниците на министерствата во делот на предлог-регулативата.<br><br>Консултациите во однос на другите документи, како стратегии, програми и сл. министерствата ги вршат со организирање на консултативни форуми (тркалезни маси) на кои се поканети сите засегнати страни. | Мин. за информа-тичко општество и админ. и сите министерства | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.Ажурирање на информациите во базата на податоци | Одделението за соработка со невладини организации еднаш месечно ги ажурира информациите во базата на податоци. | ☐ Да<br>■ Не<br>☐ Во тек | Поврзано со 1.1. | | | | |
| 1.3.Подготовка на образец и начин за поднесување на иницијативи и мислења директно на веб-страницата на Одделението за соработка во невладини организации. | Подготвен е образец и софтверска програма за поднесување на иницијативи и мислења директно на веб-страницата на Одделението за соработка во невладини организации. | ☐ Да<br>■ Не<br>☐ Во тек | Поврзано со 1.1.<br>Процесот на консултации по предлозите на закони се остварува преку порталот ЕНЕР, кој редовно се ажурира, како и веб страниците на министерствата во делот на предлог-регулативата. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 2: Подигнување на свест за можностите што ги нуди порталот е-демократија пред граѓанските организации и поттикнување за негово користење (носител: Министерство за информатичко општество и администрација).** | | | | | | | |
| 2.1.Организирање едукативни настани за порталот е-демократија за граѓанските организации. | Организирани се најмалку две едукативни активности<br><br>Бројот на граѓанските организации корисници на порталот е-демократија е зголемен | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | - Меѓународна конференција за е-демократија во Охрид<br>- Обука на тема „Ефективно вклучување на јавноста во законодавниот процес“<br>Порталот за е-демократија е (http://e-demokratija.mk) им овозможува на граѓаните на Република Македонија на едноставен и лесно достапен начин да го дадат своето мислење за предлог документите на Владата (политики, стратегии, акциски планови итн), односно активно да се вклучат во процесот на донесување на одлуките, како и да доставуваат предлози за подобрување на одредени постапки. Ова портално решение нуди содржини од вкупно 26 институции, а бројот на лица кои модерираат со порталот изнесува вкупно 56. Во вториот квартал од 2013 год. се спроведе втората фаза за развивање на проектот „е-демократија“, односно вклучување на 11 нови институции кои земаа активно учество во збогатување на содржините на порталот и одржување на двострана комуникација со корисниците на порталот. За таа цел од страна на Министерството за информатичко општество и администрација се обезбеди обука за 21 службеник | Мин. за информа-тичко општество и админ. | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | од ново вклучените институции со цел стекнување на практично искуство за примена на алатките достапни на порталот.<br>Во однос на посетеноста на порталот е-демократија евидентирани се 5.139 поединечни посети, а достапни се вкупно 260 документи и 158 теми во делот за форум -дебати. Испечатен е памфлет кој има за цел промоција на можностите кои ги нуди ова портално решение и поттикнување на заинтересираните страни за негова поголема искористеност. Афирмирањето на порталот е-демократија се реализира заедно со тековните активности за промоција на ЕНЕР кои во континуитет се спроведуваат. Порталот за е-демократија е централно место за јавна консултација на сите релевантни документи и активности кои произлегуваат од иницијативата Отворено Владино Партнерство која се спроведува во тесна соработка со претставниците на граѓанскиот сектор. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

## (ПО 2) Цел 3: Зајакнување на партнерството во дефинирање на политиките поврзано со Европските интеграции

### Резултат 1: Дефинираните политики и мерки одговараат на потребите на заедницата и заложбите за интеграција во ЕУ

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Спроведување на Законот за лобирање соодветно на потребите и практиките (носител: Министерство за правда)** | | | | | | | |
| 1.1. Анализа на спроведувањето на Законот за лобирање. | Подготвена е една анализа која вклучува клучни препораки за подобрување на примената на Законот | ☐ Да<br>■ Не<br>☐ Во тек | | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |
| **Мерка 2: Граѓанските организации активно се консултираат при подготовка на НПАА и преговарачките позиции за членство во ЕУ (носител: Секретаријат за европски прашања, ресорни министерства)** | | | | | | | |
| 2.1.Објавување на повик за вклучување на ГО во работни | Објавени се повици за вклучување на | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | **Секретаријатот за европски прашања** редовно организира консултации со граѓанските организации за клучните документи (НПАА, ИПА фондовите, Ивештајот на Европската Комисија, Планот 3-6-9 и сл.) | Директно вклучени во активноста се оние ОДУ и ГО | Твининг проект и СЕП | ГО треба редовно да се консултираа | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| групи за НПАА. | граѓанските организации во тематски работни групи за НПАА најмалку еднаш годишно<br><br>Бројот на вклучени претставници на граѓанските организации во тематските групи е зголемен<br><br>Одржани се најмалку две консултации со граѓанскиот сектор при подготовка на НПАА | | и останатите теми поврзани со процесот на европска интеграција и ваквата пракса ќе продолжи во иднина.<br>Во насока на обезбедување системски пристап во консултациите со граѓанските организации, СЕП овозможува континуирано регистрирање на сите граѓански организации кои се заинтересирани да учествуваат во дискусии и дабати организирани од СЕП за една или повеќе од областите опфатени со НПАА како и да учествуваат во работата на Секторските работи групи за ИПА 2.<br>Во текот на февруари 2012 год. беше одржана средба на Секретаријатот за европски прашања со граѓанскиот сектор по однос на НПАА 2012. Дополнително во август 2012 год. беше одржана средба со граѓанските организации по однос на Извештајот на Владата на Република Македонија до Европската Комисија за статусот на реализација на активностите од Патоказот за реализација на приоритетните цели усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво. Состаноците беа претседавани од страна на заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања.<br>Граѓанските организации беа консултирани и за НПАА ревизија 2013 во јануари 2013 год.<br>Покрај тоа, во ноември 2013 год. заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, одржа средба со граѓанските организации на која се дискутираа наодите од Извештајот на | кои се регистрирани на повикот „Отворено со граѓанскиот сектор“ на Секретаријатот за европски прашања и изборот е направен во согласност со нивниот делокруг на работа. | | т, барем еднаш во еден квартал, пожелно преку заеднички состаноци со вработените од Секторот за подотовка на националната верзија на правото на ЕУ, со цел изнаоѓање на стручни соодветни решенија за тековните термини кои претставуваат проблем во македонскиот јазик. | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бројот на одржани консултации со граѓанскиот сектор при подготовка на преговарачките позиции за членство во ЕУ е зголемен | | Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 год., како и дефинирање на следните чекори што ќе ги преземе Секретаријатот за европски прашања во врска со Акцискиот план и подготовка на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ-НПАА 2014. На средбата се дискутираше и за понатамошното продолжување на соработката со граѓанскиот сектор.<br>На 07.05.2013 год. заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања ја промовираше проект иницијативата „Младите за Европа“- проект иницииран од Секретаријатот за европски прашања.<br>Во МК-ЕУ Инфо центарот на 29.07.2013 год. заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања се сретна со претседателот и членови на управниот одбор на новоформираниот Национален младински совет на Македонија.<br>По добивањето на Извештајот на ЕК за остварен напредок на Република Македонија за 2014 година, Секретаријатот за европски прашања одржа низа консултации по однос на наодите содржани во истиот. Воедно, беше објавен јавен повик за одржување на средба со претставници на граѓанските организации.<br>Секретаријатот за европски прашања за 2015 година објави отворен повик за регистрирање на граѓански организации кои се заинтересирани да учествуваат во дискусии и дебати организирани од страна на | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Секретаријатот, да го пројават својот интерес за една или повеќе од областите опфатени со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и Извештајот за напредок од Европската Комисија, како и да учествуваат во работата на Секторските работни групи за ИПА 2. Бројот на вклучени претставници на граѓанските организации во тематските групи е 79, со можност да се зголеми со нови.<br>Одржани се пет консултации со ГО:<br>датум – тематска област – заедно со<br>03.09.2015 – Правосудство и администрација – МНР, МП и МИОА<br>04.09.2015 – Фундаментални права и меѓуетнички односи – МНР, СИОФА, МП и МТСП<br>09.09.2015 – Изборни реформи – МНР, МП<br>10.09.2015 – Слобода на говор и медиуми – МНР, МИОА, МП, ГС<br>14.09.2015 – ПДВН со ГО – МНР<br>Исто така, одржана е Конференција за подигнување на свеста за подготовката на НПАА.<br>Подготовката на Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика е еден од | | | | |

**Приоритетна област 2: УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСИТЕ НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ, ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОНИ И ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА**

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | позначајните процесите поврзани со европските интеграции. **Министерството за труд и социјална политика**, како координатор на овој процес, на својата web-страна го објави подготвениот нацрт-текст на ЕСРП и ги повика претставниците на социјалните партнери, невладиниот сектор, меѓународните организации, стручната јавност и останатите релевантни и заинтересирани субјекти да се запознаат со документот и до 1 февруари 2017 год. да ги доставаат своите коментари, забелешки, предлози и сл. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

## (ПО 2) Цел 4: Унапредувања на партнерства во дефинирање на националните развојни програми за ЕУ

### Резултат 1: Владата и граѓанските организации активно соработуваат и заеднички ги дефинираат приоритетите и развојните програми за ЕУ

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Вклучување на граѓанските организации во дефинирање на националните развојни програми за ЕУ (носител: Секретаријат за европски прашања)** | | | | | | | |
| 1.1.Подготовка на анализа за вклученост на граѓанските организации во дефинирање на национали развојни програми за ЕУ. | Изготвена е анализа која дава јасен преглед на моменталната состојба со вклученост на граѓанските организации<br><br>Изработена е анализа која содржи конкретни препораки за подобрување на вклученоста | ☐ Да<br>☐ Не<br>■ Во тек | **Секретаријатот за европски прашања** во 2012 год. објави повици за аплицирање на граѓанските организации за учество во обуките организирани од Центарот за обука на СЕП.<br>Во текот на 2012 год. Центарот за обука на Секретаријатот за европски прашања организираше 6 обуки наменети за НВО на тема: „Вовед во политиките на ЕУ и ИПА“. Организираните обуки беа одржани во Скопје и Битола. Целта на обуките беше запознавање на учесниците со основните политики на ЕУ и можностите за користење на ИПА фондовите.<br>Во текот на јуни 2012 год. Центарот за обука на Секретаријатот за европски прашања во соработка со Делегацијата на ЕУ организираше 3 презентации за ИПА и за работата на Центарот за обука на СЕП, наменети за НВО. Презентациите | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | беа организирани во општините Дебар, Кочани и Струмица. Целта на обуките беше запознавање на учесниците со можностите за користење на ИПА фондовите.<br>Центарот за обука на Секретаријатот за европски прашања во текот на 2013 год. спроведе активности во кои беа инволвирани организации и претставници од граѓанскиот сектор.<br>На 31.03.2013 год. Секретаријатот за европски прашања во соработка со Младинскиот образовен форум организираше посета на Секретаријатот за европски прашања, центарот за обука и еднодневно предавање за процесот на европска интеграција, како и за улогите и функциите на Секретаријатот. Настанот го следеа 40 младински активисти.<br>Во рамки на билатералната соработка со Република Франција, во соработка со Центарот за обука на Секретаријатот за европски прашања на 23.09.2013 год. се организираше конференција на тема „Европска интеграција во Западен Балкан“, на која беа поканети и зедоа учество граѓански организации. Настанот го одбележуваше и јубилејот на20 години воспоставување на франо-македонските дипломатски односи.<br>Центарот за обука на Секретаријатот за европски прашања во 2013 год. ја зајакна соработката со Министерството за локална самоуправа и кон | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | крајот на годината започна со спроведување обуки во планските региони. На обуката „Вовед во ИПА“ одржана за Југоисточниот плански регион во Струмица на 23-24.12.2013 год. учествуваа и претставници на граѓанскиот сектор од тој плански регион.<br>**Агенцијата за млади и спорт** ја поддржа *Конференцијата „Европската унија како потреба на македонската младина“,* организирана од Македонскиот центар за евро-атлански организации.<br>Исто така, Агенцијата за млади и спорт потпиша *Меморандум за соработка за спроведување на Европската младинска картичка во Република Македонија* со Здружението на граѓани „Поларис“. Со потпишувањето на овој меморандум ќе биде обезбедена поддршка во имплементацијата и промоцијата на Европската младинска картичка во нашата држава, овозможување на учество во различни едукативни програми, волонтирање, семинари, курсеви и слично, поттикнување на мобилноста кај младите луѓе и итн.<br>При подготовката на НПАА 2015 и 2016, граѓанските организации беа консултирани и обезбедија предлози со кои ќе се адресираат конкретни укажувања кои Европската комисија ги посочува во Извештајот за остварен напредок | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | на Република Македонија за 2014 и 2015 година.<br>Во насока на зголемување на видливоста на процесот на европска интеграција и подобрување на двонасочната комуникација со граѓанскиот сектор од страна на СЕП беа спроведени следните Кампањи : ЕУ Разговори – дискусија за актуелни теми од доменот на европска интеграција , 11 Март – ЕУ неколеблив приоритет и 17 април – Еднаквост помеѓу мажите и жените.<br>Граѓанските организации кои работат во доменот на младите се дел од проектите ЕУ во Македонија и натпреварувачкиот студентски дебатен циклус ЕУ Ѕвезди. | | | | |
| 1.2.Организирање на консултативни настани за подготовка на препораки и предлози за спроведување на препоракит.е. | Организирани се најмалку два настани годишно и подготвени се предлози за спроведување на препораките<br>Анализата и предлозите се објавени на веб-страницата на Секретаријатот за европски прашања и Одделението за | ☐ Да<br>☐ Не<br>■ Во тек | Во насока на поинтензивна вклученост на граѓанските организации во дискусии на теми кои се од значење за процесот на европската интеграција, како и паралелно зголемување на видливоста на процесот на европска интеграција и подобрување на двонасочната комуникација со граѓанскиот сектор од страна на **Секретаријатот за европски прашања** беа спроведени следните Кампањи : ЕУ Разговори – дискусија за актуелни теми од доменот на европска интеграција, на следните теми:<br>- Итните реформски приоритети Разговори со Мрежа 23;<br>- Младите - креатори на Европските вредности | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализација | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | соработка со НВО и се дистрибуирани до граѓанските организации Започнати се првите активности за спроведување на препораките според предлозите | | во МК;<br>- Разговори со Фондацијата Отворено општество - Македонија и Македонскиот центар за европско образование;<br>- Париски Договор-Климатски промени, Управување со водите.<br>Граѓанските организации кои се дел од проектите „ЕУ во Македонија" присуствуваа на 2 настани.<br>Натпреварувачкиот студентски дебатен циклус „ЕУ Ѕвезди" кој се одржа 4 пати на темите:<br>- Социјалните медиуми и слободата на изразувањето;<br>- Капитализам наспроти Социјализам;<br>- Образовни политики:Квалитет наспроти квантитет;<br>- Родова еднаквост. | | | | |

Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта:

Нови иницијативи: Во 2017 година, Министерството за економија предложи **дополнителна Мерка 3**: Спроведување на Законот за заштита на потрошувачите преку Програмата за заштита на потрошувачите, со следните активности: 3.1.Организирање на едукативни настани и издигнување на свеста за заштита на потрошувачите согласно Програмата за заштита на потрошувачите; 3.2. Финансиска подршка за здруженијата на потрошувачи за членарина во европската организација на потрошувачи (BEUC) и Светската потрошувачка организација (Costumers International); 3.3.Подготовка и печатење на брошури за правaата на потрошувачите согласно законската регулатива од областа а заштита на потрошувачите и 3.4.Соработка на Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата на РМ со Советите за заштита на потрошувачи од поодделни општини и градот Скопје.

## (ПО 2) Цел 5: Зајакнување на партнерствата во програмирање на користењето на фондовите за пред пристапна помош (и по пристапот во ЕУ други фондови) и нивно следење

### Резултат 1: Владата и граѓанските организации активно соработуваат во процесите на планирање, програмирање и следење на спроведувањето

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спрове-дување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Вклучување на граѓанските организации во процесите на планирање, програмирање и следење на спроведувањето (носител: Секретаријат за европски прашања, ресорни министерства)** | | | | | | | |
| 1.1. Анализа за степенот на досегашна вклученост на граѓанските организации во програмирањето на пред пристапните фондови. | Подготвена е една анализа за степенот на вклученост на граѓански.те организации во програмирањето на претпристапните фондови која содржи конкретни препораки за подобрување. | ☐ Да<br>☐ Не<br>■ Во тек | Во однос на вклучување на граѓанските организации во процесот на планирање, програмирање и следење на спроведувањето на ИПА фондовите, Рамката за координација е усвоена и објавена на интернет страната на СЕП, како дел од обврските поврзани со секторското програмирање. Во оваа насока СЕП обезбеди ИПА проект за зајакнување на искористувањето на ЕУ фондовите и јакнење на секторски пристап, како и вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на програмирање.<br>Во текот на 2012 год, претставници на граѓанскиот сектор учествуваа во две работни средби на Комитетот за следење на ИПА компонентата за помош при транзиција и | ИПА механизам и други заинтересиран и ГО | ЕУ фондови | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спрове-дување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | институционално зајакнување (ИПА ТАИБ).<br>Со цел да се обезбеди транспарентно планирање на помошта што Република Македонија ја добива преку ИПА ТАИБ, во процесот на програмирање на Националната програма за 2012-2013 година, во 2012 год. беа реализирани консултации со граѓанскиот сектор и донаторската заедница.<br>Со цел информирање за новиот инструмент ИПА2, Секретаријатот за европски прашања во соработка со Европската делегација во Скопје организираше состанок со претставници на граѓанскиот сектор во февруари 2013 год.<br>Во периодот февруари-септември 2013 год. Секретаријатот за европски прашања организираше 2 координативни состаноци со претставници на граѓанскиот сектор со цел воспоставување систем за вклучување на граѓанскиот сектор во новиот финансиски инструмент ИПА2.<br>Во септември 2013 год. Секретаријатот за европски прашања покани околу 1200 граѓански организации во просториите на Владата на РМ со цел информирање во врска со првата нацрт верзија на Националниот стратешки документ и натамошни чекори во процесот на програмирање. | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спрове-дување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Дополнително, во 2013 год. претставници на граѓанскиот сектор учествуваа на 2 работни средби на Комитетот за следење на ИПА компонента за помош при транзиција и институционална надградба.<br>Претставник на Секретаријатот за евопски прашања имаше презентација и активно учествуваше на работилницата „Учество на граѓанскиот сектор во програмирањето на ИПА 2014-2020“ која се одржа на 27-28.02.2014 год.во хотел Метропол, Охрид.<br>Во јули 2014 година спроведена е консултација во ЕУ Инфо центарот (Секретаријатот за европски прашања во соработка со ДЕУ) со претставници на граѓанскиот сектор со цел програмирање на ИПА 2.<br>На 30.10.2014 год., Секретаријатот за европски прашања организираше презентација, проследена со прес конферција со цел информирање во врска со усвоениот Национален стратешки документ за ИПА 2 и натамошни чекори во процеот на програмирање.<br>На 17.11.2014 год. во Собранието на Република Македонија пред Комисијата за европски прашања се оддржа дво дневна Јавна расправа на тема „ИПА 2 (2014-2020) Перспективи и | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спрове-дување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | можности за искористување“.<br>Дополнително, во јуни 2014 година претставници на граѓанскиот сектор учествуваа на работната средба на Комитетот за следење на ИПА компонентата за помош при транзиција и институционална надградба.<br>На предлог на Секретаријатот за европски прашања, на 65. седница на Владата на РМ (31.03.2015) е усвоен моделот на работни групи согласно областите во Националниот стратешки документ. Во сите 8 работни групи предвидено е вклучување на претставници од граѓанскиот сектор во процесот на програмирање на ИПА 2.<br>**Министерството за локална самоуправа** во 2014 год. работеше на подготовка на Програмите за прекугранична соработка со Албанија и со Косово, како носител на Програмите и со Грција и Бугарија, како партнер во подготовката и имплементацијата. Во текот на подготовката беа организирани 3 консултативни форуми за Програмата со Бугарија, по два за програмите со Албанија и со Косово. На форумите беа поканети граѓански организации што делуваат на подрачјето кое што го покрива соодветната Програма. | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спрове-дување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.Организирање на консултативни настани за подготовка на препораки и предлози за спроведување на препораките | Организирани се најмалку два настани и подготвени се предлози за спроведување на препораките<br><br>Анализата и предлозите се објавени на веб-страницата на Секретаријатот за европски прашања и се дистрибуирани до граѓанските организации<br><br>Започнати се првите активности за спроведување на препораките по предлозите | ☐ Да<br>☐ Не<br>■ Во тек | Во рамки на 8-миот ТАИБ Мониторинг комитет и Заедничкиот мониторинг комитет одржани во јануари 2015, како и на 9-тиот ТАИБ Мониторинг комитет одржан на 8.07.2015, граѓанските организации зедоа активно учество.<br>**Генералниот секратаријат** на 18.11.2014 година организираше консултативна средба со граѓанскиот сектор за целите и приоритетите на ИПА ТАИБ 2011 проектот „Понатамошен развој и финансиска одржливост на граѓанското општество" во Дебатната сала на Владата.<br>Генералниот секратаријат на 21.12.2015 година организираше консултативна средба со граѓанскиот сектор за целите и приоритетите на ИПА ТАИБ 2013 проектот „Зголемено учество на граѓанскиот сектор во реформите поврзани со интеграцијата во ЕУ".<br>Граѓанските организации се вклучени во надзорните комитети на проектите на **Министерството за животна средина и просторно планирање**, во Секторскиот комитет за следење на Компонента 1 и Компонента 3, како и на работните состаноци за програмирање на користењето на фондовите од ИПА 1 и ИПА 2.<br>Граѓанските организации редовно беа поканети | ИПА Механизам и останати заинтересиран и граѓански организации<br><br>Мин. за труд и социјална политика, Мин. за образование и наука, Секретаријат за европски прашања, граѓански организации пријавени на Повикот на СЕП, од ИПА 2 и корисни-ци на грант од ИПА ком-понента 4 | Учество на Дискусијата ИПА 2 Тековна состојба се спроведува во рамки на проектот „ИПА 2 Механизам за граѓанските организации ", финансира н од Европската унија, со подршка во рамките на Програмата на ИПА за поддршка на граѓанското општество и медиумите за 2014 година (IPA | | Во 2017 год.се очекува отпочну вање на спроведување на подршк а од 2,7 милион и евра преку ЕУ ИФ. НИПАК секрета ријатот подготв и Проект за подршк а на Секторс ките работни групи |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | и вклучени во јавните настани кои ги организираше **Секретаријатот за европски прашања.** Во текот на 2014 год. граѓанските организации беа поканети на Европскиот ден на јазиците "Креиран ѕид на јазиците" кој се одржа во МК Инфо центарот на СЕП во септември 2014 година. Исто така беа поканети на настанот "Европската Унија во Македонија - Кафе пауза со Италијанската амбасада", што се одржа во ноември 2014 година; Одржана е дискусија со граѓанскиот сектор во октомври 2014 година во СЕП.Покрај ова, реализирани се следните активности:<br>- Учество на граѓанскиот сектор во сите Секторски работни групи за ИПА. Во однос на активностите за градење коалиции, ќе се применува секторскиот приод на соработка во секој од секторите на ИПА 2: (1) Демократија и владеење, (2) Владеење на правото и темелни права, (3) Животна средина (4) Транспорт/ Енергија, (5) Конкурентност и иновации, (6) Социјален развој, (7) Земјоделство и рурален развој, и (8) Регионална и територијална соработка.<br>- Објавена е рамката за секторската координација на ИПА на веб страната на | Мин.за земјоделство, шумарство и водостоп. | CSF Civil Society and Media Programme 2014) повик EuropeAid/136-992/DD/ACT/МК ).<br><br>Вториот национален форум за Отворено владино партнерство се одржа со поддрка на Центарот за истражување и креирање политики, Европската комисија и УНДП | Во однос на ИПА II да се организираат годишни тематски консултации со граѓанските организации | кој се очекува да започне во март 2017 со време траење од 36 месеци<br><br>Работната група за |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спрове-дување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Секретаријатот за европски прашања.<br>- Објавен е отворен повик на страната на Секретаријатот за европски прашања за сите заинтересирани граѓански организации кои би сакале да придонесат во програмирањето на ИПА<br>- Учество на претставници од СЕП и ресорните министерства на настаните на ИПА механизмот. Одржана дискусијата: ИПА 2 Тековна состојба во склоп на активностите за градење коалиции (23.12.2016 год).<br>- Учество на Вториот национален форум за Отворено владино партнерство (ОВП) кој се одржа на 2.11.2016 год.<br>- Учество на претставници од СЕП во Отворено владино партнерство во рамки на приоритетот 5.4. Вклучување на транспарентен и објективен начин на претставници на здруженијата и фондациите, како и на останатите граѓански организации, во секторските работни групи за планирање и програмирање на ИПА 2 со претставниците од државните органи<br>**Министерство за труд и социјална политика**<br>Во 2012 год. во МТСП се одржани две консултативни средби преку работата на Секторскиот комитет за следење на ИПА, во која активно учество земаат претставници на | | | | секторот „Образова-ние, вработу-вање и социјална политика“ ќе прерасне во механизам за следење на Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика и |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спрове-дување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | здруженија.<br>Во 2013 год. МТСП организираше 6 информативни сесии во Скопје, Тетово, Битола, Охрид, Штип и Дојран за информирање на потенцијалните апликанти (вклучувајќи ги и граѓанските организации) за Повикот за доделување на грантови „Поттикнување на социјалното вклучување", што се финансира преку ИПА компонентата 4.<br>- Во процесот на утврдување на долга листа на операции што би се финансирале од преостанатите алокации на ИПА компонента IV, беше организиран консултативен настан со претставници од преку 40 граѓански организации на 01.11.2013. Добиените видувања и сугестии беа инкорпорирани во конечната листа на предлог операции.<br>Во текот на 2013 год. исто така се одржани два редовни состанока на Секторскиот комитет за следење на ИПА, на кои активно учество земаат претставници на здруженија на граѓани.<br>Покрај ова, граѓанските организации ги имплементираа седумте гранта за социјално вклучување на жени од немнозисните заедници, финансирани од ИПА компонентата 4<br>Во 2014 год. на секторскиот комитет за следење на ИПА компонента 4, се дискутираше како да | | | | граѓанските организации ќе бидат вклучени и во следење на секторските политики. |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спрове-дување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | се подобри имплементацијата на ИПА грантовите програми кои се спроведуваат децентрализирано. Беше препорачано граѓанските организации да настапуваат со покреативни предлог проекти и да се организираат обуки за подобро управување со проектите. Во првата половина на 2014 год. заврши имплементацијата на проектот со кој граѓанските организации и единиците на локална самоуправа се обучија да подготвуваат проекти за социјално вклучување, беа формирани партнерства кои добија поддршка за развој на конкретни проекти.<br>Во 2016 год. и првата половина на 2017 год. се спроведуваа 38 грант проекти финансирани од ИПА компонента 4 кои имаат за цел подобрување на социјалното вклучување на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот и подобрување на партнерствата за социјално вклучување на локално ниво Проектите ги спроведуваат граѓанските организации во партнерство со др. граѓански организации, општини или јавни установи.<br>Во 2016 и првата половина на 2017 се спроведе проект финансиран од ИПА компонента 4, преку кој се обезбедија обуки и експертска поддршка за граѓанските организации | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спрове-дување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | корисници на грант проектите за социјално вклучување ко-финансирани од ИПА компонента 4 заради подобро менаџирање на проектите (види активност 2.1).<br>Во текот на 2016 год. ИПА II: Работната група за секторот „Образование, вработување и социјална политика“ ги интегрира во нејзината работа и развојните партнери, невладиниот сектор и другите заинтересирани и релевантни организации. Соработката се остварува по пат на консултации, информирање, формирање партнерство и сл. Во март 2016 год. се одржа работилница со ГО за најсоодветниот модалитет за учество на ГО во работата на групата. Поради фрагметираност на граѓанскиот сектор, во почетниот период се предвидува нивно вклучување преку тематски консултации. Министерството ги презентираше приоритетите од нацрт програмските документи пред ГО на настан организира од ИПА 2 механизмот.<br>- ИПА I компонента IV, Преставници од ГО учествуваат во работата на Секторскиот комитет за следење на имплементацијата на Оперативната програмата 2007-2013 како членови со право на глас. ГО спроведуваат грант проекти финансирани од ИПА I компонента IV.<br>Во 2016 и првата половина на 2017 се одржаа три | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спрове-дување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | редовнн состанока на Секторскиот комитет за следење на ИПА компонента 4.<br>Во февруари 2017 год. нацртот на Акциската програма за секторот „Образование, вработување и социјална политика 2017“, беше презентиран пред граѓанскиот сектор во рамки на конференцијата „ЕСРП – Консултации и следни чекори“. Во февруари и март 2017, на веб страницата на МТСП беше објавен повик за консултации на граѓанските организации по однос на нацртот на Акциската програма. Во април 2017, во соработка со Делегацијата на ЕУ и Секретаријатот за европски прашања беше организиран дополнителен консултативен настан за Акциската програма. Коментарите добиени во рамки на консултативните процеси беа интегрирани во Акциската програма што се поднесе на одобрување до службите на Европската комисија.<br>Во мај 2017 год. претставници од МТСП учествуваа на Годишната конференција на ИПА2 Механизамот за граѓанските организации. На средбата се дискутираше за вклучување на избрани претставници на механизмот во секторската група за секторот „Образование, вработување и социјална политика“. | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спрове-дување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Министерството за труд и социјална политика во периодот 2015-2016 година го координираше процесот на подготовка на значајниот секторски стратешки документ, т.н. Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020 – ЕСРП (*Employment and Social Reform Programme 2020*), кој се подготвуваше во координација и соработка со Европската комисија. ЕСРП Програмата се фокусираше на утврдување на клучните предизвици и планираните реформи, политики и мерки во областите пазар на труд и вработување, образование, социјална заштита и социјална инклузија, здравствена заштита.<br>Процесот на изготвување на ЕСРП Програмата беше отворен и партиципативен, проследен со интензивни консултации со повеќе релевантни субјекти кои на различни начини и на различни нивоа учествуваат во креирањето, спроведувањето и/или следењето на политиките од областите опфатени со Програмата. При подготовката на документот се остварија консултации со социјалните партнери, со претставници на граѓанското општество, меѓународни организации итн.<br>Се реализираа неколку циклуси на консултации преку организирање на состанок со | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | репрезентативните социјални партнери - синдикати и организации на работодавачи (ноември 2016), објавување на подготвениот нацрт-текст на ЕСРП Програмата на web-страната на МТСП и упатување на јавен повик за консултации до сите релевантни субјекти (декември 2016), а за финализирање на процесот, во февруари 2017 го., се организираше и еден поширок настан - Конференција „ЕСРП – Консултации и следни чекори“, со која се обезбеди уште една можност да се добијат релевантни мислења, коментари, предлози од сите релевантни субјекти (вклучително и граѓанскиот сектор).<br>**Министерството за култура –** Одделение за Креативна Европа – потпрограма Култура, самостојно и во соработка со своите партнерски организации (ДЕУ во Скопје, Канцелариите на Креативна Европа во Белгија, Словенија, Велика Британија, Литванија, Бугарија, Холандија и др.) во 2016 год. реализираше 10 јавни настани, инфо-денови и работилници, наменети за сите потенцијални корисници на оваа програма, вклучвајќи го и граѓанскиот сектор (учествуваа преку 70 претставници на ГО од областа на културата). На јавните настани покрај тоа што беа промовирани критериумите за аплицирање | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спрове-дување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | на конкретните категории од програмата, редовно се дискутираше за националните политики и механизми, како важен фактор за подобро спроведување на европските проекти.<br>Во периодот јануари-август 2017 год.реализирани се 3 јани настани посветени на програмата Креативна Европа – Култура, а резултатите од дискусиите ќе бидат вградени во новите конкурси на Министерството за култура за 2018 год. во насока на подобрување на системот и процентот на кофинансирање на проектите, кои се поддржани од програмата Креативна Европа – Култура на ЕУ.<br>**Министерството за локална самоуправа** во рамките на Програмата за прекугранична соработка со Бугарија во јануари 2013 година организира два инфо денови во Штип и во Благоевград, еден партнерски форум во Струмица, со преку 100 учесници и во декември 2013 год.обука за граѓански организации чии проекти се одобрени во рамките на 3-от јавен повик.<br>- Во рамките на Програмата за прекугранична соработка со Албанија, еден Инфо ден за првата група на корисници на грант од Третиот повик кој се одржа на 22.05.2013 год. во Тетово и на кој присуствуваа 41 учесник и еден Инфо ден | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спрове-дување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | за втората група на корисници на грант од Третиот повик кој се одржа на 8 и 9.10.2013 год. во Елбасан на кој присуствуваа 58 учесници<br>- Во рамките на Програмата за прекугранична соработка со Грција во декември 2013 год. во Скопје се одржа информативна средба со околу 50 учесници.<br>-Во рамките на Програмата за прекугранична соработка со Косово, по објавувањето на првиот јавен повик за проектни предлози, во декември 2013 год. се организираше јавен промотивен настан со околу 60 учесници.<br>**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**<br>Во текот на 2016 год. се одржани два состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД (17.2.2016 и 7.12.2016) кој е составен од владини и невладини претставници (Сојуз на стопански комори на Македонија, Стопанска комора на Македонија, Македонска асоцијација на преработувачи, Федерација на фармери на Македонија, Сојуз на земјоделци на Македонија, Комора на занаетчии, Асоцијација на земјоделци, Здружение на жени земјоделки Агровинка, ЗЕЛС, Мрежа за рурален развој и Македонско еколошко друштво). На 21 и 23.12.2016 год. се | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | одржа ИПАРД форум и панел дискусии за поднесување на барањата за користење на средства од ИПАРД Програмата во соработка со Мрежата за рурален развој на Македонија со претставници од преработувачката индустрија за мерката Инвестиции во физички средства за преработка на земјоделски ирибни производи и во соработка со Стопанската комора на Македонија за мерката Фарм диверзификација и развој на бизнисот. Во соработка со УСАИД и Мрежата за рурален развој на РМ, во текот на 2016 год. се испечатени 5000 брошури за мерката Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

## (ПО 2) Цел 6: Развивање партнерства на граѓанските организации во дефинирање на приоритетите за развојна помош и нивно спроведување

### Резултат 1: Воспоставена е институционална рамка за партнерство со граѓанскиот сектор

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Дефинирање на програма за партнерство во развој на институционална, стратешка и законска рамка за развојна помош (носител: Министерство за надворешни работи)** | | | | | | | |
| 1.1.Подготовка на програма за партнерство која вклучува механизми за соработка | Изготвена е Програмата за партнерство од страна на меѓусекторска работна група<br><br>Усвоена е и применета програмата за партнерство со граѓанскиот сектор Првите активностите од програмата се спроведуваат | ☐ Да<br>■Не<br>☐ Во тек | Согласно Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), Директоратот за економска дипломатија во Министерството за надворешни работи е носител на активностите во Поглавјето 30: Надворешни односи, во областите 3.30.3 Политика на развој и 3.30.4. Хуманитарна помош и и има обврски за подготовка на Предлог-Закон за спроведување на развојната политика и на Методологијата за пресметување на дадената помош, воведување на механизам за обединување на податоците за дадената развојна помош и Стратегија за давање на развојна помош. Наведените правни акти ќе стапат на сила со денот на пристапување на Република Македонија во ЕУ. Обврските за РМ од Поглавјето 30 ќе отпочнат со членството во ЕУ, но во меѓувреме се продолжува со прибирање на информации за функционирањето на развојната | | | Министерството за надворешни работи оценува дека Меката 1 е актуелна и треба да остане дел од идната Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор. | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | политика на ЕУ и институционалната организираност на овие активности кај земјите-членки на ЕУ. Натамошните активности се насочени кон зголемување на нашите институционални капацитети за развојна соработка. Во оваа проблематика голем удел треба да има и граѓанскиот сектор. При донесување на погоре наведената регулатива ќе биде консултиран и граѓанскиот сектор, согласно упатството и прирачникот за донесување на закони и подзаконски акти, односно во целост ќе бидат испочитувани сите фази на процесот на позитивното влијание на регулативата. Оттаму Министерството за надворешни работи во 2013 год. оцени дека не е потребно донесување на посебна Програма за партнерство со граѓанскиот сектор за развојната помош и предлага истата да се избрише од Акциониот план, од причини што развојната помош која Р.Македонија ќе ја дава кон трети земји, ќе биде регулирана со донесувањето на Стратегијата за давање на развојна помош.Во 2016 год. Министерството за надворешни работи нема реализирана соработка со граѓанскиот сектор, но во четвртиот квартал од 2017 год. и во текот на 2018 год. се планира отпочнување на консултации со НВО околу нивната вклученост во развојната соработка. | | | | |

## (ПО 2) Цел 7: Унапредување на соработката во подготовка на извештаи по ратификувани меѓународни договори и вклучување во инцијативи кон кои пристапила Република Македонија

### Резултат 1: Извештаите за спроведување на ратификувани меѓународни договори се сеопфатни и збогатени со податоци од граѓанскиот сектор

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Континуирана соработка помеѓу органите на државна управа и граѓанските организации при подготовка на извештаи (носител: Министерство за надворешни работи, Министерство за правда )** | | | | | | | |
| 1.1.Организирање на состаноци за координација со граѓанските организации при спроведување и/или подготовка на извештаи за меѓународни договори. | Број на одржани состаноци при подготовка на конкретен извештај.<br><br>Број на извештаи подготвени во координација со граѓанските организации | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | **Министерството за надворешни работи** спроведе консултации по електронски пат со граѓански организации при подготовка на нацрт-текстовите на:<br>- Нов Заеднички основен документ на Република Македонија по конвенции на ОН за човекови права (во јануари 2013 год.)<br>- 8ми, 9ти и 10-ти периодичен извештај на РМ по Меѓународната Конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација (во мај 2013 год.)<br>- 2,3ти и 4-ти периодичен извештај на РМ по Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (во декември 2013 год., не е добиен повратен одговор од граѓанските | | | Министер-ството за надворешни работи оценува дека Меката 1 е актуелна и треба да остане дел од идната Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор. | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | организации)<br>- Трет извештај на РМ по Конвенцијата против тортура (во јули 2013 год.)<br>- Оджан консултативен состанок на 19.09.2013 год. со граѓански организации при подготовка на нацрт-текстот на Националниот извештај на РМ за Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на ОН.<br>Министерството за надворешни работи организираше работилница во Струга, од 10 до 12.11.2014 год. за имплементација на препораките до РМ од вториот циклус на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на ОН, во рамки на која се реализирани и консултации со претставници на граѓански организации.<br>Министерството за надворешни работи во 2016 год. нема реализирано соработка со граѓанскиот сектор, бидејќи во наведениот период ова министерсво не подготвуваше извештаи по ратификувани меѓународни конвенции.<br>Министерството за надворешни работи во 2016 год. и во првата половина од 2017 год. не подготвуваше извештаи по ратификувани меѓународни конвенции. и за таа цел нема реализирано соработка со граѓанскиот сектор на ова поле. | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | На 14 јуни 2017 г. претставник од Оддлеението за човекови права и НВО во Директоратот за мултилатерлнаи односи, на покана на советникот за човекови права во Канцеларијата на резидентниот координатор на ОН во Скопје, на претсатвниците на граѓанските организации заинтересирани за соработка со механизмите на ООН за човекови права им ја претстави работата и функционирањето на Меѓуресорското тело за човекови права со кое претседава министерот за надворешни работи на РМ.<br>**Министерството за труд и социјална политика**, редовно секоја година го координира процесот на подготовка на годишните Извештаи за имплементацијата на ратификуваните одредби од Европската социјална повелба на Советот на Европа. Во подготовката на овие Извештаи редовно се реализираат и консултации со социјалните партнери (особено кога се известува за спроведувањето на одредбите од Повелбата кои се однесуваат на трудови права, работни односи, социјален дијалог, информирање и консултирање на работниците, колективно договарање, право на штрајк и многу други.)<br>Покрај тоа, секоја година задолжително подготвениот нацрт-текст на Извештајот им се доставува на репрезентативните социјални | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | партнери, пред истиот да се достави до Владата на РМ, а потоа и до Советот на Европа. На социјалните партнери им се овозможува да дадат свое видување/коментар/забелешки и сл. на состојбите прикажани во Извештајот, кои потоа се доставуваат и до Советот на Европа. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |
| **Мерка 2: Граѓанските организации се вклучени во изработка и спроведување на Акцискиот план во согласност со принципите на инцијативата Отворено Владино партнерство (ОВП) (носител: Министерство за надворешни работи, Министерство за правда, Министерство за информатичко општество и администрација )** | | | | | | | |
| 2.1.Одржување на консултативни средби со граѓанските организации при изработка и спроведување на Акцискиот план | Број на одржани средби со граѓанските организации<br><br>Број на активности/ проекти за спроведување на Акцискиот план | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Во април 2012 година одржана е првата отворена работилница, на која покрај претставници на формиранатa работна група (составена од претставници на неколку министерства во насока на подготовка на првична верзија на Акцискиот план на РМ), учествуваа и претставници од Канцеларијата на Светска банка во РМ, НВО, бизнис секторот и универзитетски професори. Владата на 01.06.2012 година го усвои Акцискиот план за ОВП и истиот е објавен на веб страната на иницијативата ОВП, во делот посветен за Република Македонија. Акцискиот план на Република Македонија за членство во иницијативата Отворено владино партнерство | Мин. за информа-тичко општество и админ. | | Министер-ството за надворешни работи нема активности во спроведување на Акцискиот план во согласност со принципите на иницијати- | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | претставува динамичен и отворен документ кој постојано ќе се доразвива со цел исполнување на приоритетите предвидени со Отвореното владино партнерство и тоа преку активностите кои ќе следат за имплементација на целите и мерките. Во јуни 2012 година како обврска произлезена од Акцискиот план, формирана е меѓуресорска работна група за иницијативата ОВП во која членуваат претставници од неколку владини институции во РМ.<br>Процесот на ревизија на Акцискиот план на Република Македонија за Отворено Владино партнерство 2014-2016 година, се спроведе во периодот февруари - март 2014 година и беше координиран од Министерството за информатичко општество и администрација.<br>Со цел да се обезбеди квалитетен и сеопфатен Акциски план кој ќе ги исполни целите на оваа меѓународна инцијатива и да се постигне партнерски однос помеѓу Владата, граѓанскиот сектор, компаниите и сите заинтересирани чинители, Министерството во јануари 2014 год. упати јавен повик за активно вклучување и придонес со идеи, предлози и мислења кон изготвувањето на Акцискиот план. Процесот на консултации се одвиваше на http://e-demokratija.mk | | | вата Отворено Владино партнерство и предлага да биде изземено од листата на носители на оваа активност во новата Стратегија. | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вториот Акциски план за Отворено владино партнерство за 2014-2016 година беше усвоен од страна на Владата на РМ на 20.05.2014 година. Акцискиот план беше подготвен низ партиципативен процес на граѓанскиот сектор (упатен јавен повик од страна на Министерството и консултации преку http://e-demokratija.mk). Министерството за информатичко општество и администрација го координира процесот на мониторинг на имплементација на акцискиот план за Отворено владино партнерство. Во 2015 година беа изработени четири квартални информации за спроведените активности за реализација на мерките од Акцискиот план врз база на добиените материјали од номинираните претставници од носечките институции на поединечните мерки. Во септември беше подготвен и Среднорочен извештај за самооценување - Акциски план за отворено владино партнерство 2014-2016 година на македонски и англиски јазик и истиот беше достапен за мислења, коментари и забелешки на порталот http://edemokratija.mk, за што беше објавено и известување на http://mioa.gov.mk/?q=node/4032. Согласно динамиката на подготовка на двегодишни национални планови и временската | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | рамка за Отворено владино партнерство (2016-2018), Владата на РМ на седницата одржана на 06.07.2016 година го прифати Акцискиот план за Отворено владино партнерство за периодот 2016-2018 година. Третиот Национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година вклучува широк спектар на активности кои Владата ќе ги преземе следните две години се со цел да се зајакнат, продлабочат и прошират напорите за унапредување на транспарентноста на власта, подобрување на ефективноста на институционалните механизми за јавно учество, поголемата вклученост на граѓаните во процесот на донесување одлуки, буџетската транспарентност, управувањето со податоците и чувањето регистри во државните и во јавните институции, како и зголемување на стандардите за интегритет и поголем пристап до технологија за сите граѓани на Република Македонија.<br>Во создавањето на овој акциски план централно место заземаа консултациите во и надвор од Владата. Притоа беа вклучени 489 претставници од владиниот, граѓанскиот и приватниот сектор и академските институции и беа креирани 100 достигнувања, 34 заложби разработени во 8 приоритетни теми. | | | | |

## (ПО 3) Цел 1: Придонес кон развојот на социјалната економија

### Резултат 1: Развиена е поволна рамка и услови за развој на социјалното претприемништво и зголемено е учеството на граѓанските организации во процесите

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Подигнување на свеста за социјалното претприемништво кај граѓанскиот сектор (носител: Министерство за труд и социјална политика, Министерство за економија)** | | | | | | | |
| 1.1. Организирање на едукативни настани и издигнување на свеста за социјалното претприемништво | Бројот на иницијативи од страна на граѓанските организации е зголемен | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Во 2013 година во насока на зголемување на инклузивноста на пазарот на трудот **Министерството за труд и социјална политика** го имплементираше проектот „*Поттикнување на социјална инклузија и инклузивен пазар на трудот*“ (ИПА компонента 4), отпочнат на 10 јануари 2012 година, а заврши во август 2013 година. Со имплементација на проектот извршен е комплетен преглед на постојните политики за вработување и постоечката легислатива во тој дел и детално се анализирани состојбите во земјата на полето на социјалното вклучување на ранливите групи на пазарот на трудот. Во рамките на проектот подготвени се два извештаи - за мапирање на крајните корисници и за мапирање на засегнатите страни. Преку спроведените тренинзи обучени се вкупно 325 | Мин. за економија, Здружение Конект, Асоцијација за истражувањек омуникации и развој - ПАБЛИК | Проект- Социјално претприемништво: учење од практика и промоција -119420 ден.<br>Проект: Градење на капацитетите на локални организации, мали и средни претпријатија за развој на социјалното | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | стручни работници од Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, Агенцијата за вработување на РМ и здруженија. Согласно развиените програми, се спроведуваа обуки за работа со ранливите групи, работна терапија, основи на социјалната економија, разработка на бизнис план, воспоставување на локални партнерства итн.<br><br>Во рамките на Проектот, снимен и емитуван е и документарен филм со наслов „Пазар на труд за сите“, во кој се прикажани добри пракси од вклучувањето на овие лица во работниот процес, а изготвен е и Водич за добри пракси, за понатамошна дисеминација.<br><br>Во оваа насока се одржаа и 5 тематски семинари за промовирање на придобивките од интеграцијата на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот, а формирани се тематски групи во Скопје, Струмица и Гостивар составени од претставници од централната и локалната власт заради изработка на акциски планови за вработување на ранливите групи. Исто така, подготвена е брошура за соработка и координација на локално ниво за поттикнување на социјалната економија.<br>Во 2014 година организирани се настани за | Над 30 граѓански организации што се активни во делот на социјалната економија или спроведуваат економски активности, Мин. за труд и социјална | претпиемништво во Струшкиот регион 115500 ден.<br><br>Техничка помош од ИПА компонента 4 | Да се формираат центри за рехабилитација на ранливите групи и центри за поддршка на социјалните | Да се воспостават центри за поддршка на социјално претприемништво и да |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | промоција на социјалното претприемништво. – преку TACSO проектот и преки ИПА проектите во 2013/2014 година „Поттикнување на социјална инклузија и на инклузивен пазар на трудот“ (IPA IV). Зголемен е интересот на НВО кои работат во делот на социјално претприемништво за регулирање на оваа област.<br>Во 2015 година организирана е јавна дебата по однос на Предлогот на Закон за социјално претприемништво.<br>Обезбедена е консултантска помош на 6 граѓански организации што извршуваат економски активности со цел да го унапредат работењето или да аплицираат за грант средства од билатерални донатори и меѓународни организации;<br>Организирани се работилници/обуки и состаноци со над 30 граѓански организации, со претставници од микрофинансиски организации и институции за издигнување на свеста за социјално претприемништво и дефинирање на мерки за поддршка на социјалните бизниси;<br>Организиран е билатерален семинар за социјално претприемништво во соработка со Министерството за труд и социјална политика на Австрија, како и конференција за социјално претприемништво на која учествуваа голем број на организации кои работат во областа и | политика, Мин. за финансии, Мин. За економија, Агениција за вработување наРМ итн. | | претпријатија; Препораки за допрецизирање на Законот за здруженија и фондации и нацрт Законот за социјално претпиемништво | се обезбеди финансиска поддршка преку ИПА II |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | функционираат како социјални претпријатија. Притоа, беше забележан голем интерес за законската рамка и можностите за социјално претприемништво во РМ.<br>Кон крајот на 2016 год. и во 2017 год. се спроведува ИПА финансиран проект “Поттикнување на социјалното претприемништво во Република Македонија“ кој како крајна цел има подготовка на предлог текст на Закон за социјално претприемништво. Во рамките на проектот спроведени се голем број на работилници со граѓански организации и избрани се 10 потенцијани социјални претприемачи кои ќе добијат соодветна техничка и експертска поддршка за водење на бизнис.<br>**Министерство за економија** - Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2016 година, дел А. Поддршка и развој на МСП, предвидена беше мерка 6- Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на МСП и промоција на претприемништвото во РМ, која е наменета за поддршка на фондации и здруженија на граѓани односно кофинансирање на нивни проекти кои се однесуваат за развој и поддршка на МСП и претприемништво, вклучително и проекти за унапредување на социјалното претприемништво. За реализација на оваа мерка на 25 јули 2016 г. | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | беше објавен Јавен повик и истиот траеше до 9.08.2016 г. По овој јавен повик пристигнати беа 10 апликации (проекти) од здруженија/фондации, кои беа разгледани од Комисија формирана од министерот за економија. Кофинансирани се 9 апликации/проекти кои ги исполнија условите и тоа со средства во вкупен износ од 1,2 милиони денари. Два од кофинансираните проекти се однесуваат конкретно за развој на социјалното претприемништво: Здружение КОНЕКТ Скопје- Социјално претприемништво: учење од практика и промоција и Асоцијација за истражување, комуникации и развој- ПАБЛИК Скопје - Градење на капацитетите на локални организации и мали и средни претпријатија за развој на социјалното претпиемништво во Струшкиот регион. Оваа мерка е предвидена и во Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година и планирано е да се реализира во септември 2017 година. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |
| **Мерка 2: Донесување Закон за социјално претприемништво (носител: Министерство за труд и социјална политика)** | | | | | | | |
| 2.1. Анализа на законската рамка во однос на социјалното претприемништво | Подготвена е една анализа на законската рамка и дефинирани се | ■ Да<br>□ Не<br>□ Во тек | Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Министерството за труд и социјална политика за имплементација на проектот “ Поддршка на развојот на регулатива за | Мин. за труд и социјална политика | ЕУ фондови - ИПА компонентат а 4 | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | препораки за подобрување на социјалното претприемништво | | социјално претприемништво во Република Македонија.<br>Во рамките на проектот, подготвени се “Анализа на состојбите и можностите за уредување на социјалното претприемништво во Република Македонија со понудени опции“ како и “Компаративна анализа на закони од интерес за развој на социјалното претприемништво во Република Македонија“.<br>Исто така, во насока на поддршка на развојот на социјалното претприемништво во рамките на ИПА 4 (2012-2013) подготвена е предлог- идеја за обезбедување на техничка помош и пилотирање на проекти од социјалното претприемништво во висина од 1.500.000 евра, која е одобрена од страна на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија.<br>Во 2015 година подготвена е Анализа на законската рамка и понудени се три опции за развој на социјалното претприемништво; Подготвена е Анализа на законите кои можат да влијаат на поттикнување на социјалното претприемништво во РМ; Подгтовена е cost benefit анализа од донесување на Закон.<br>Започнато е спроведувањето на проектот „Зајакнување на социјалното претприемништво„ на Министерство за труд и социјална политика (финансиран со ИПА компонента 4) кој има за | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | цел обезбедување на поддршка во креирање на соодветна законска рамка, унапредување на условите за воведување и развој на социјалното претприемништво во државата, поддршка на социјалните претпријатија што ги таргетираат лицата во неповолна положба, подготвена е анализа на состојбата и преглед на компаративни меѓународни искуства во оваа област. | | | | |
| 2.2. Формирање работна група за изготвување на Закон за социјално претприемништво | Подготвен е Предлог-Законот за социјално претприемништво од страна на меѓусекторска работна груп.<br><br>Одржани се најмалку две консултативни средби со граѓанските организации.<br><br>Законот за социјално претприемништво е донесен и во него се содржани препораките од | □ Да<br>□ Не<br>■ Во тек | Во 2012 година испратени се дописи за номинација до сите релевантни владини институции, научни установи и приватни институции кои имаат интерес за развој на социјалното претприемништво во Република Македонија. Во 2013 година формирана е работна група која ќе работи на влијанието на регулативата и на понудените опции од “Анализа на состојбите и можностите за уредување на социјалното претприемништво во Република Македонија со понудени опции“ .<br>Во 2014 година формирана е работна фрупа за подготовка на предлог текст на Закон за социјално претприемништво.<br>Во 2015 година подготвен е Предлог на Законот за социјално претприемништво;<br>Предлогот на закон е објавен на ЕНЕР за добивање на коментари и е доставен на мислење до министерствата и сите државни органи. По објавувањето на Предлогот на Закон за социјално | Мин. за труд и социјална политика | ЕУ фондови - ИПА компонентата 4 | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | анализата и консултациите | | претприемништво на ЕНЕР, согласно големиот број добиени коментари и забелешки од страна на релевантните министерства и невладини организации, преземани се активности за подобрување на текстот на законот. Исто така, согласно активностите од проектот „Зајакнување на социјалното претприемништво„ (финансиран со ИПА компонента 4) на кој една од целите е поддршка во креирање на соодветна законска рамка, предвидено е понатамошно усогласување и подобрување на текстот на предлог законот со поддршка на тим лидерот на проектот, а во соработка со сите релевантни институции и невладини организации кои работат во областа, кои се членови на работната група.<br>Во рамките на проектот, врз основа на анализата во тек е подготовка на нов предлог-текст на Закон за социјално претприемништ , како и предлог за нови финансиски инструменти за поддршка на истите. Во рамките на Активните мерки за вработување за 2017 (ревидирана), како и во новиот план за 2018 година, ќе бидат предвидени мерки за поттикнување и развој на социјални претпријатија. Предвидено е и одржување на финална Конференција на Проектот со присуство на повеќе меѓународни експерти, на кои ќе бидат презентирани и политиките за развој на социјално претприемништво во РМ. | | | | |

## (ПО 3) Цел 2: Зголемување на вклученоста на граѓанските организации во давање услуги за потребите на заедницата

### Резултат 1: Граѓанските организации придонесуваат во задоволување на потребите на заедницата и активно соработуваат со органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Правната рамка за социјални услуги е подобрена и соодветствува на потребите (носител: Министерство за труд и социјална политика)** | | | | | | | |
| 1.1. Анализа на постојната законската рамка за социјални услуги | Подготвена е една анализа и дефинирани се препораки за подобрување правната рамка и предлози за постапување | ☐ Да<br>☐ Не<br>■ Во тек | Спроведени се неколку анализи во насока на подобрување на ефикасноста и квалитетот на социјалните услуги во РМ. Направено е мапирање на крајните корисници на социјалните услуги, односно на кој начин функционираат сите услуги во областа на социјалната заштита, од перспектива на самите корисници.<br>Направено е мапирање на засегнатите страни, кое имаше за цел да ги утврди конкретните чинители во секторот за социјални услуги, да ги анализира и да ги утврди нивните ставови.<br>Спроведено е истражување за потребите од тренинг во областа на социјалното вклучување на локално ниво на единиците на локална самоуправа и здруженијата од оваа област.<br>Во рамки на Проектот „Унапредување на услугите | Мин. за труд и социјална политика | ЕУ фондови - ИПА компонентата 4 | Промоција на извештајот со резулта-тите и препораки-те од спроведе-ната компара-тивна анализа,<br><br>Развивање на предлог стандарди | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | за социјално вклучување“, (IPA компонентата 4), кој започна на 15 јули 2015 год. и се одвиваше во период од 24 месеци се имплементираа активности за воведување и развој на систем за професионална рехабилитација за оспособување на лицата со инвалидност за соодветни занимања и нивно вклучување на отворениот пазар на труд, воведување на услуги за персонална асистенција за лицата со посебни потреби, како и надградба на постојниот ИТ мониторинг софтверски систем за социјални услуги „Лирикус“ (воспоставената апликација и база на податоци за социјални услуги во центрите за социјална работа и установите за социјална заштита). Проектот опфаќа развој на предлог модели за професионална рехабилитација и персонална асистенција, дефинирање на стандарди за услугите, тестирање на предложените модели на услуги, прилагодување на правната рамка и промовирање на услугите меѓу корисниците.<br>- Во текот на 2016 година се започнати активностите за спроведување на Компаративна анализа за имплементација на модел на социјални договори, во рамки на проект за создавање и подобрување на услови за давање на социјални услуги, преку креирање на модел за склучување на социјални договори во областа на заштита на децата и давање на социјални услуги | | | за испорака на социјални услуги од страна на граѓански организаци и и подигнува ње на јавната свест,<br><br>Развивање на предлог модел на социјални договори,<br><br>Предлог за подобрува ње на начинот на избор и давање на дозвола за обезбедува ње на | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | преку креативни решенија основани на бизнис логика, а доставени од непрофитни организации во соработка со СОС детско село Македонија. Имплеметацијата на проектот ќе продолжи во текот на 2017 и 2018 година. | | | социјални услуги на граѓански организаци и. | |
| 1.2. Преземење на активности базирани на препораките од истражувањето (носител: сите министерства) | Спроведени се првите активности од препораките.<br>Бројот на граѓански организации кои даваат социјални услуги во соработка со државните органи е зголемен | ☐ Да<br>☐ Не<br>■ Во тек | Согласно препораките добиени од истражувањата, подготвени се 4 модули за обуки на стручните лица во државните институции , јавните установи, институциите за социјална заштита, здруженијата, заштитните друштва и сл. Во текот на 2012/13 година обучени се вкупно 325 стручни лица согласно подготвените модули.<br>Системот кој се развива во рамките на проектот „Унапредување на услугите за социјално вклучување" на Министерството за труд и социјална политика ги вклучува здруженијата на граѓани како даватели на услугите.<br>Министерството за труд и социјална политика ги вклучува здруженијата на граѓани како даватели на услуги за социјална заштита и тоа во областа на Дневни центри за лица со пречки во развојот, Дневни центри за деца на улица, Заштита на жртви на семејно насилство, професионална рехабилитација и персонална асистенција на лица со инвалидност , Услуги за помош и нега во домашни услови, Згрижување на деца без родители и родителска грижа, Активности за социјална инклузија на Роми и сл. | Мин. за труд и социјална политика | ЕУ фондови - ИПА компонентата 4 | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Во соработка со СОС Детско село Македонија, а со поддршка на СОС Детски села на Холандија се овозможи воведување на лиценцирана “PRIDE” програма во насока на зајакнување на квалитетот на грижата на децата во згрижувачкото семејство и развивање на услуги преку обезбедување стручно оспособување и тековен професионален развој на сите инволвирани во процесот на поддршка на згрижувачките семејства, но и на самите згрижувачи.<br>Во текот на 2017 год. склучени се неколку договри со граѓански организации во делот на обезбедување на услуги за различни категории на граѓани. Продолжија да се доделуваат средства на Националите сојузи на инвалидски организации, како и финансирањето на сервисот за самостојно живеење со поддршка. Исто така, започната е постапка за подготвка на нов Закон за социјална заштита, во кој како еден од главните приоритети е воведување на социјалните договори.<br>Претставници на Одделението за соработка со НВО на Генералниот секретаријат на 16.12.2015 год. учествуваа на промоција на краткиот документ за јавни политики „Како да се унапреди вклучувањето на граѓанските организации во давањето на услуги? Состојби, предизвици и можности“ на Институтот за демократија „Социетас цивилис“. | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 2: Подигнување на свест за можностите и посочување на добри примери за соработка во давањето услуги од надлежност на единиците на локалната самоуправа (носител: Министерство за локална самоуправа, Министерство за труд и социјална политика).** | | | | | | | |
| 2.1. Одржување на едукативни настани/средби со единиците на локалната самоуправа со цел промоција на добри практики за соработка со граѓанските организации во давање услуги | Одржани се најмалку два настани годишно.<br>Опфатени се најмалку 20 единици на локалната самоуправа.<br>Воспоставени се партнерства во 10 единици на локалната самоуправа со граѓанските организации поради доверување на вршење на јавни овластувања од нивна надлежност. | ☐ Да<br>☐ Не<br>■ Во тек | До крајот на 2012 година се одржани вкупно 863 денови на обука, преку кои се зајакнати капацитетите на 223 стручни лица од 49 општини и 60 здруженија, на теми од областа на социјалното вклучување на локално ниво, вмрежување, подготовка и управување со проекти од областа на социјалното вклучување.<br>Во рамките на меѓународната Конференција Оддржлив регионален и локален развој-предизвици и перспективи, организирана од Министерството за локална самоуправа, беше организирана посебна сесија за иновативни начини на испорака на локалните услуги, со акцент на социјалните партнерства, од аспект на испорака на локални услуги од страна на граѓанскиот сектор, преку законскиот механизам за делегирање на функции од локална надлежност. Во таа прилика беше презентирана експертска анализа за состојбите во земјата и во регионот со препораки за подобрување на состојбите.<br>Преку проектот направени се три партнерства на ЕЛС и Здруженија на граѓани за реализација на три регионални проекти на територија на тие општини.Во април и во мај 2016 година, за | Мин. за труд и социјална политика | 5 мил. евра. (ИПА компонентата 4) | Целосна реализациј а на проектите и поголема вклученост на локалната самоуправа во партнерств о со НВО | Финанс ирање на социјал ни сервиси во заедниц ата кои се заснова ат на поголем а вклучен ост на локална та самоупр ава во партнер ство со НВО |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | вработените во сите организации што имплементираат грант проекти финансисрани од ИПА компонентата 4 со кои се поддржува социјалното вклучување, преку интеграција на ранливите групи на пазарот на трудот се организираа два семинари и три дводневни обуки за управување на грантовите финансирани од ЕУ.<br>Во втората половина на 2016 год. и првата половина на 2017 год., проектот обезбеди теренски посети и обука на работно место за корисниците на грантовите.<br>Во рамки на проектот кофинансиран од Европската Унија во рамките на ИПА компонентата 4 – Развој на човечките ресурси, на почетокот на 2016 година започна имплементацијата на 26 грант проекти, додека во декември 2016 се склучија уште 12 грант проекти. Со проектите се поддржува социјалното вклучување, преку интеграција на ранливите групи на пазарот на трудот во Република Македонија. Најголем дел од нив се фокусирани на обезбедување на поддршка за вработување, обуки за општи и стручни вештини, поддршка на претприемништво за жени, млади, лица со посебни потреби, припадници на немнозински етнички групи, развој на локални регионални партнерства за социјално вклучување и развој на програми за социјално вклучување. | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Во имплементацијата на проектите се вклучени над 30 македонски граѓански организации во улога на лидери на проектите или во улога на партнери. Повеќе информации во врска со ова може да се најдат на следната веб страница: http://taeugrants.net/. | | | | |
| 2.2. Одржување на средби од страна на единиците на локалната самоурава со граѓанските организации за пренесување на потребите на заедниците | Одржани се најмалку три средби годишно меѓу единиците на локалната самоуправа со граѓанските организации | ☐ Да<br>☐ Не<br>■ Во тек | Во рамките на Програмата Форуми во заедниците, финансирана од Швајцарската Агенција за развој, во над 40 општини се организирани буџетски, проектни и меѓуопштински форуми на кои што, граѓаните, организирани во граѓански организации, имаат можност, низ шест последователни средби, да се определат за еден приоритетен проект кој што ќе биде финансиран од Швајцарската агенција за развој и од буџетот на општината. Форумските сесии се организирани на начин кој што овозможува граѓанскиот сектор активно да биде вклучен во детектирањето на потребите на граѓаните и во предлагањето на конкретни проектни предлози, како начин за нивно решавање и подобрување на квалитетот на живеење во локалната заедница. Програмата е во тек и ќе трае до крајот на 2014 година.<br>Во функција на подготовка на новите Програми за развој на осумте плански региони во Република Македонија, во секој плански регион се организирани консултативни среби со | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | претставници на граѓанскиот сектор, заради утврдување на приоритетите во наредниот плански период.<br>Заради институционално поттикнување на соработката меѓу локалната самоуправа, граѓанскиот и бизнис секторот во функција на развојот на општините и на планскиот регион, во Вардарскиот плански регион е формирана Мрежа за соработка, во која што има претставници од локалната администрација, граќанскиот сектор, бизнис секторот и медиумите. Целта е оваа мрежа да соработува со Центарот за регионален развој и преку процес на широка консултација и учество на сите засегнати страни да се предлагаат и имплементираат мерки за одрржлив развој на планскиот регион.<br>Покрај ова, единиците на локалната самоуправа организираат средби со граѓанскиот сектор и реализираат заеднички активности. Има примери на социјални партнерства преку делегирање на функции на граѓански организации, но оваа област сеуште не е доволно афирмирана и поддржана со програмски документи на ниво на единици на локална самоуправа. | | | | |

Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта:

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 3: Модели на соработка во областа на образованието, здравството, културата и др. го помагаат развојот на граѓанските организации (носител: Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за култура)** | | | | | | | |
| 3.1. Формирање на работна група која ќе развива модели за соработка во областите на образованието, здравството, културата и др. | Развиени се модели за соработка од страна на меѓусекторска работна група | ☐ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | | | | | |
| 3.2. Објавување и дистрибуирање на моделите за соработка | Моделите за соработка се објавени на веб страниците на органите на државната управа и дистрибуирани до мистерствата, единиците на локалната самоуправа и граѓанските организации | ☐ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

## (ПО 3) Цел 3: Поттикнување поддршка и придонес од граѓаните и деловниот сектор

### Резултат 1: Граѓаните и деловниот сектор се повеќе донираат и поддржуваат активности на граѓанските организации

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Подобрување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности за да соодветствува на потребите (носител: Министерство за правда)** | | | | | | | |
| 1.1. Формирана е работна група и започната е постапка за измени во Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | Подготвени се измени на Законот од страна на меѓусекторска работна група<br><br>Усвоени се измените на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и подзаконските акти | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Законот за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности е донесен во февруари 2014 год. Законот има за цел допрезицирање на одредбите кои се однесуваат на даночното поттикнување, како и проширување на можноста да се бара потврдување на јавен интерес за донации за кои не се склучува договор, доколку како примател се јавува здружение или фондација која се стекнала со статус на организација од јавен интерес согласно Законот за здруженија и фондации или кога примател на донација е здружение или фондација која согласно основачкиот акт е основана за конкретна финансиска поддршка во врска со јавен интерес утврден со закон. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 2: Се следи примената на новиот Закон (носител: Министерство за правда)** | | | | | | | |
| 2.1Подготвување извештаи за спроведувањето на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности кои содржат информации за дадените донации и бенефиции | Подготвен е извештај (еднаш годишно) за бројот, карактеристиките на донациите, донаторите и примателите и за бенефиците | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Во рамките на проектот „Креирање на овозможувачка средина за финансиска одрживост на граѓанските организации“, финансиран од ЕУ преку ИПА 2009 грантовата програма за граѓанскиот сектор, Здружението Конект подготви:<br>– Коментари на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности<br>– Рамка за спроведување и следење на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности<br>– Упатство за спроведување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности<br>– Истражување на ставовите, верувањата и практиките за прибирање на ресурси и соработката помеѓу граѓанските организации и приватниот сектор и<br>– Анализа на трошоци и придобивки од даночните поттикнувања во Законот за донации и спонзорства во јавните дејности<br>На11.06.2015 год. во рамките на истиот проект се одржа Конференцијата за филантропија: Соработка меѓу граѓанските организации и бизнис секторот, на која учествуваа и претставници од Одделението за соработка со НВО на Генералниот секретаријат. | Здружение Конект и Центар за даночна политика | ИПА 2009 | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2. Објавување на извештаите на веб- страници | Бројот на донации од деловниот сектор е зголемен | ■Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Публикациите од активноста 2.1. се објавени на веб страната www.donirajpametno.mk | Здружение Конект, Центар за даночна политика | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

## (ПО 3) Цел 4: Развивање на партнерства помеѓу јавниот сектор, граѓанските организации и деловниот сектор за постигнување на економски и социјален развој

### Резултат 1: Граѓанскиот сектор е вклучен во дијалогот и инцијативите за креирање на јавни-приватни партнерства за постигнување на одржлив економски раст и социјална кохезија

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Поврзување со мерките. од Националната агенда за ООП (носител: Министерство за економија, Национално координативно тело за ООП)** | | | | | | | |
| 1.1. Активности за поврзување на мерките од Националната агенда за ООП | Вид активности/проект и спроведени како дел од Националната агенда за ООП<br><br>Извештаите од спроведувањето на Националната агенда за ООП содржат позитивни практики на вклучување | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | По објавениот оглас за доделување Национална награда за најдобри општествено одговорни практики во 2012 година, пристигнати се 66 апликации од вкупно 43 компании, од кои 2/3 се реализирани во партнерство на деловниот со граѓанскиот или јавниот сектор.<br>Националната Агенда за општествена одговорност на претпријатијата за РМ (2008-2012) заврши во 2012.<br>Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2013 година на 6 кластерски здруженија им се | Национално координативн о тело за ООП во кое се вклучени стопански комори, организации на работодавачи, синдикати, високообразов ни институции, граѓански организации | Не се обезбедени | | Со оглед на важноста на потребата од донесување на Национална Стратегија за ООП, Мин. за економија продолжува во обидите да изнајде средства за подготовка на оваа Стратегија. Мин.за економија при планирањето на Буџетот за 2017 година побара буџетски средства во износ од 4.405.220,00 денари за изработка на |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | доделија финансиски средства во висина од 1.591.620,00 денари на база на проектни апликации.<br>Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2014 година Министерството за економија на 5 кластерски здруженија одобри финансиски средства во висина од 1.600.000,00 денари на база на проектни апликации.<br>Во 2017 година, Министерството за екномија организираше средби на Координативното тело за ООП (6.04.2017 и 30.5.2017 год.); организираше успешна ЕК-ТАЕКС Експертска мисија за развивање на Стратегија за општествена одоговорност (во Скопје, од 30.01 до 1.02.2017 год.), со учество на експерти од Финска и Ирска и засегнати страни од Репбулика Македонија; спроведува актвности за претстојата 10-та Манифестација за доделување Национална награда за најдобри ООП на македонските претпријатија во 2017 год.; на | (Организација на потрошувачи на Македонија и мрежа на глобалниот договор во Македонија), медиуми и државни органи (Мин. за економија, Мин. за труд и социјална политика и Мин. за животна средина и просторно планирање) | | | Стратегијата, но не беа одобрени. Мин.за економија бара средства од меѓународни организации (СБ, УСАИД, УНДП, ЕБРД, ДЕУ, ЈИЦА), како и преку МНР, до амбасадите на Норвешка, Данска, Шведска, Германија<br>Исто така достави барање и до Делегација на ЕУ, преку СЕП, за приоритетно финансирање во рамки на ИПА фондовите, во рамки на Инструментот за подготовка на проекти PPF, предлог проект Technical Assistance to Preparation for Development and Implementation of New Policy Measures on |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 9.06.2017 год. одржа средба на Работната група за организација на Национална награда за најдобри ООП со претставници на Координативното тело за ООП; Конкурсот за Национална награда за најдобри ООП го објави во дневните весници Нова Македонија и Коха, а заедно со придружни документи – оглас, формулар и насоки за аплицирање, во јуни 2017 год. директно ги достави до претпријатијата и ги објави на веб страните на Министерството за економија, Националното координативно тело за ООП и Бизнис конфедерација на Македонија. На 3.072017 год. одржа едукативна сесија за информирање на претпријатијата околу условие за учество на Нациналнa награда за најдобри ООП, изработи предлог за Јубилејна Брошура за наградените ООП на македонските претпријатија во периодот од 2007 до 2016 год. | | | | Fostering Corporate Social Responsibility (CSR) (07.09.2016). |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Министерството за економија презема активности за изнаоѓање на финансиски средства потребни за изработка на Среднорочна Стратегија за општествена одговорност на Република Македонија. | | | | |

**Резултат 2: Развиени општествено одговорни практики за балансиран раст и социјална кохезија кои вклучуваат партнерства со граѓанскиот сектор**

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Вклучување на граѓанските организации во дебати за улогата на граѓанскиот сектор во развојот на јавно-приватни партнерства (носител: Министерство за економија, Национално координативно тело за ООП)** | | | | | | | |
| 1.1Организирање дебати и дискусии за улогата на граѓанскиот сектор во развојот на јавно-приватни партнерства | Организирани се најмалку две дебати и дискусии годишно.<br>Изготвени се препораките за подобрување на јавно-приватните партнерства кои ги вклучуваат препораките од консултациите. | ☐ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Министерството за економија извести дека ова министерство и Националното координативно тело за ООП немаат директна надлежност во оваа сфера, односно мерката е во директна надлежност на други органи. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |
| **Мерка 2: Промовирање на модели на три-партитни партнерства (јавен, деловен и граѓански сектор) во насока на економски развој и социјална кохезиј.а (носител: Министерство за економија, Национално координативно тело за ООП)** | | | | | | | |
| 2.1. Дефинирање на модели за | Моделите се дефинирани и | ☐ Да<br>☐ Не | Министерството за економија извести дека оваа мерка не е во надлежност на Националното | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| три-партитни партнерства за економски развој и социјална кохезија. | објавени. | ☐ Во тек | координативно тело за ООП и Министерството за економија.<br>Во тек се консултации со надлежните институции за нови мерки и активности кои ќе бидат дел од Акцискиот план на новата Агенда за ООП за наредниот период. | | | | |
| 2.2. Објавување на моделите на веб- страници, организирање на средби со граѓанските организации | Одржани се најмалку две средби со граѓанските организации и органите на државната управа<br>Формирани се најмалку две партнерства во првата година кои придонесуваат кон економскиот развој и социјалната кохезија | ☐ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Министерството за економија извести дека овие мерки не се во надлежност на Националното Координативно тело за ООП и Министерството за економија.<br>Во тек се консултации со надлежните институции за нови мерки и активности кои ќе бидат дел од Акцискиот план на новата Агенда за ООП за наредниот период. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

## (ПО 4) Цел 1: Подигнување на свеста кај младите и нивно учество во граѓанскиот сектор

### Резултат 1: Младите се активно вклучени и придонесуваат во општеството

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Соработка со претставници на граѓанскиот сектор во спроведување на наставни предмети и активности во училиштата поврзани со теми демократија и граѓански сектор (носител: Министерство за образование и наука )** | | | | | | | |
| 1.1. Вклучување на граѓанските организации во реализација на наставните предмети поврзани со теми за демократијата и граѓанскиот сектор и тоа преку пренесување на искуства | Број и вид активности кои училиштата ги спроведуваат во соработка со граѓанските организации | ☐ Да<br>☐ Не<br>■ Во тек | Во 2012 година е дадена согласност за:<br>-Еко часови за одделно собирање на одпад<br>-Достава на роковник- тетратка до поголемите средни училишта во Источна Македонија<br>-Формирање на клубови за превенција во 8 основни училишта<br>-Подигнување на јавната свест за значењето на владеењето на правото<br>-Дистрибуција на ЦД со едукативно културна содржина во ОУ и СОУ<br>-Едукативни предавања<br>Општа цел на проектот е поддршка на оддржливиот развој преку едукација согласно стратегијата на УНЕЦЕФ за едукација на одржлив развој. Специфична цел на проектот е подготовка на образовниот пакет за одржлив развој Зелен пакет јуниор, достапен на нашите основни училишта во Р.Македонија.<br>Интеркултурно образование преку грантови за | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | основни и средни училишта на одбрана тема за годината - Проектот цели да го интегрира еколошкото образавание во македонскиот образовен систем, а особено: а) да го воведе еколошкото образование во постојниот задолжителен курикулум на сите основни и средни училишта и градинки; б) да ги подобри училишните услови и условите на животната средина во основните и средните училишта и градинките; в) да ги зајакне раководните, институционалните и образовните капацитети на сите засегнати страни (вклучени) во овој проект; г) да ја издигне јавната свест во однос на прашања поврзани со заштитата на животната средина; д) да им помогне на македонските училишта да го впрегнат во секојдневната работа конкретното знаење стекнато преку интеракција со меѓународната мрежа на еко – училишта.<br>Примена на граѓанското образование кај младата популација во општините: Тетово, Струга, Гевгелија, Неготино, Валандово, Богданци, преку обука на 48 наставници/обучувачи, спроведување работилници за граѓанско образование за наставниците и учениците, изработка на материјали за општествена комуникација на темите од проектот, организирање фестивал по општествена комуникација со веб страна, основање на три младински здруженија и размена со италијански училишта. Спроведување на | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | две работилници за граѓанско образование за претставниците за образование на вклучените општини,како и јакнење на капацитетите за планирање, управување, истражување, мониторинг и вреднување на 20 службеници од МОН во однос на наставни програми, наставни материјали и методологии за граѓанско образование.<br>Проект „Финансиско поучување“ наменет за поблиско запознавање на населението на Република Македонија со финансиите и економијата. Проектот го реализира Народна банка на Р.М преку разни активности, а како дел од активностите е и објавувањето на ликовен конкурс за деца во списанијата „Другарче”, „Развигор” и „Детска радост”, на тема „И јас умеам да штедам”. Министерството за образование и наука дава согласност за реализација на проектот, односно смета дека може да се објави ликовен конкурс за деца и да се објавуваат поучни содржини од областа на економијата во списанијата „Другарче”, „Развигор” и „Детска радост” во рамките на проектот „Финансиско поучување“.<br>Поддршка на интеграцијата на етничките заедници во образовниот систем - Проекти во 2013 година:<br>Проект за е-пристапно образование; Проект Холокаустот низ призмата на детските очи; Проект SEECE; Проект ACES Academy of Central European Schools ; Проект Врсничка медијација; Проект | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Поддршка на интеграцијата на етничките заедници во образовниот систем; Проект Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем.<br>Во 2014 година: Продлабочување на разбирањето на наставниците за квалитетна настава по математика и јазик и зголемување на капацитетот на наставниците за реализирање на висококвалитетна настава за учениците од нижите одделенија од основните училишта по математика, читање и пишување, за целите за осигурување на успешен почеток на образованието за сите деца; Инклузија и подобра настава по математика и јазик за ранливите групи на ученици, особено учениците Роми во избраните училишта; Градење на свесност и обезбедување на разновидни обуки, техничка помош и стимул за училишните одбори, директорите на училишта, наставниците и административните кадри за поддршка на меѓуетничка интеграција во образованието. | | | | |

## (ПО 4) Цел 2: Поттикнување и активно вклучување на граѓаните во граѓански сектор и општествените процеси

### Резултат 1: Граѓаните иницираат и се вклучуваат во иницијативи за задоволување на потребите на заедниците

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Поврзување со мерките од Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството (носител: Министерство за труд и социјална политика, сите органи на државна управа)** | | | | | | | |
| 1.1. Активности за промовирање на волонтерството (согласно Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството). | Бројот на граѓани кои волонтираат во граѓанските организации е зголемен. Организирана е кампања преку која се промовираат позитивните вредности на волонтерството. | ■Да ☐ Не ☐ Во тек | **Министерството за труд и социјална политика** и **Националниот совет за развој на волонтерството** секоја година по повод Меѓународниот ден на волонтерството, 5 декември, организира промотивен настан, преку кој се промовираат позитивните вредности на волонтерството и се доделуваат национални награди за волонтерство во четири категории: Награда за волонтер на годината, Награда за организатор на волонтерска работа, Награда за волонтерска практика и Награда за медиуми.<br>Во **Министерството за одбрана** во периодот 1.7-15.9.2014 год. се ангажирани 15 волонтери.<br>Во **Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** во 2013 год. беа ангажирани вкупно 75 волонтери.<br>Во **Министерството за информатичко општество и админитрација** подготвена е Програма за волонтирање за 2013 година и | Национален совет за развој на волонтерство и Мин. за труд и социјална политика | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | објавен е јавен повик за ангажирање лица за извршување на волонтерска работа во Министерството и тоа за волонтери од областа на техничките науки и од областа на правните науки во траење од пет месеци. Примени се 4 волонтери, од кои 2 во Државниот управен инспекторат, 1 во Секторот за телекомуникации и 1 за работа на проектот „Светот на дланка“.<br>**Агенцијата за млади и спорт** во 2013 год. го поддржа проектот *„Биди волонтер, направи промена“* имплементиран од страна на здружението „Младите можат“ кој продолжи да се спроведува и во 2014 година (октомври 2013-мај 2014 год.). Проектот се имплементираше во серија обуки за 25 млади луѓе. Целта на проектот е јакнење на развојот на заедницата преку вклучување на млади луѓе во процесот на волонтирање. Проектот се концентрира на промовирање на волонтирањето меѓу младите луѓе во Македонија како можност за личен, професионален развој, но и развој на заедницата. | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |
| **Мерка 2:Поттикнување на граѓански активизам преку заеднички настани (носител: Министерство за труд и социјална политика, сите органи на државна управа)** | | | | | | | |
| 2.1. Поддршка на граѓанските | Организирани се најмалку две | ■ Да<br>☐ Не | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**:<br>- *Ден на органско производство* (презентација на | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| организации кои промовираат активности со масовна вклученост на граѓани | активности кои промовираат масовна вклученост на граѓаните и се поддржани на годишно ниво | ☐ Во тек | органски производи; промоција на органски производи; дегустација на органски производи)<br>- *Ден на медот* (мед за училишта, градинки, хуманитарна акција; науно-стручни советувања во стопанска комора<br>-плакети и награди)<br>**Министерството за информатичко општество и администрација** потпиша меморандум за соработка со Здружението на граѓани „Младински образовен форум“ за поддршка на волонтерството.<br>**Агенцијата за млади и спорт** го поддржа проектите:<br>- *„Биди волонтер, направи промена“* имплементиран од страна на здружението на граѓани „Младите можат“ во периодот октомври 2013-мај 2014. Проектот се имплементираше во серија обуки за 25 млади луѓе. Целта на проектот е јакнење на развојот на заедницата преку вклучување на млади луѓе во процесот на волонтирање. Проектот се концентрира на промовирање на волонтирањето меѓу младите луѓе во Македонија како можност за личен, професионален развој, но и развој на заедницата;<br>- *Обуки за работни вештини за младите*, имплементирани од страна на Волонтерски Центар – Скопје и Младински Образовен | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Форум, со поддршка на Агенција за млади и спорт и Програмата за развој на Обединетите Нации (UNDP). Во рамки на проектот беа спроведени 6 обуки за јакнење на капацитетите на младите и зголемување на нивното учество во општествените процеси и процесите на донесување одлуки, на следните теми : управување со проектен циклус, социјално претприемништво, финансиска писменост и менаџирање на лични финансии, менаџмент и брендирање на компанија, начин на работење на локална самоуправа и активно граѓанство и учество;<br>- *Иницијативата за признавање и професионализација на младинската работа*: Целта на иницијативата чиј иницијатор е Центарот за меѓукултурен дијалог - Куманово, а во која се вклучени и 30 граѓански организации е развивање на професионални стандарди и водичи кои имаат за цел да ја дефинираат младинската работа на национално ниво , како и креирање на систем за поддршка на младите;<br>- *Национална Кампања против говор на омраза* - проект на Совет на Европа , чиј национален координатор е Агенцијата за млади и спорт, а која во Република Македонија се спроведува во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Министерство за | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | образование и наука, Министерство за правда, Агенција за електронски комуникации, Здружение на новинари на Република Македонија, Здружение на млади правници, Центар за човекови права АМОС – Битола , Центар за меѓукултурен дијалог - Куманово, Младински образовен форум и Студентски парламент на Република Македонија. Целта на кампањата е едукација на младите луѓе за човековите права и подигање на свеста за последиците од говорот на омраза. Во рамки на кампањата беше одржана Меѓународна обука за човекови права со 25 учесници од Европа, Обука за обучувачи за човековите права , Панел дискусија "Механизми за елиминирање на говорот на омраза на интернет" и др. активности;<br>- Поддршка на *Фудбалскиот турнир на граѓанските организации*, чија цел е промовирање на спортот и здравите животни навики, како алатка за вмрежување и подобрување на соработката меѓу младите.<br>Во рамките на проектот „ Вклучи се во превенцијата, трговијата со луѓе е реалност ", финансиран од ЕУ преку ИПА 2009 грантовата програма за граѓанскиот сектор, здружението за еднакви можности СЕМПЕР во 2014-2015 година организираше работилници во 19 основни | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за поната-мошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | училишта во Пелагонискиот регион за превенција натрговија со луѓе и соодветна медиумска кампања.<br>Во рамките на проектот „ Поврзување на луѓе и места во Македонија со природата “, финансиран од ЕУ преку ИПА 2009 грантовата програма за граѓанскиот сектор, здружението Плентлајф во 2014-2015 година организираше голем број конзерваторски активности на волонтери и семинари за промовирање на мрежата Натура 2000. | | | | |
| 2.2. Подготовка на извештај за граѓанското ангажирање и волонтерството | Подготвен е и објавен извештај (еднаш годишно | ☐ Да<br>■ Не<br>☐ Во тек | | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |
| **Мерка 3: Поттикнување волонтерски активности на возрасни лица (носител: Министерство за труд и социјална политика, сите органи на државна управа)** | | | | | | | |
| 3.1. Организирање промотивни активности за поттикнување волонтерство на возрасни лица | Реализација на најмалку две активности годишно за промоција на волонтерството на возрасни лица | ☐ Да<br>■ Не<br>☐ Во тек | Во рамките на проектот „Грижа за стари лица“, финансиран од ЕУ преку ИПА 2009 грантовата програма за граѓанскиот сектор, Црвениот крст на РМ во 2014-2015 година организираше повеќе обуки и настани за поттикнување на волонтерски активности за грижа за стари лица. | | | | |

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спро-ведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Зголемен е бројот на возрасни лица кои се активни во заедниците и волонтираат во здруженија/ фондации и институции | | | | | | |
| Опис како спроведените активности придонесуваат кон остварување на резултатот и целта: | | | | | | | |

## (ПО 5) Цел 1: Зајакнување на улогата на Одделението за соработка со невладини организации

### Резултат 1: Одговорностите и задачите на Одделението за соработка со невладини организации соодветствуваат на делокругот на работа во согласност со актите (утврдени одговорности согласно ЗЗФ, и сл.)

| Активности | Индикатори | Статус на реализа-ција | Опис на спроведени активности по индикатори | Кои ОДУ и ГО се директно вклучени во активноста и начин на кој се вклучени и избрани ГО | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Препораки за понатамошно спроведување | Нови иници-јативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 1: Зголемување на капацитетите и активностите на Одделението во согласност со утврдените одговорности (носител: Генерален секретаријат)** | | | | | | | |
| 1.1Организирање на обуки и други активности за градење на капацитетите на вработените за непречено извршување на доделените задачи (администрира-ње на Комисијата за ОЈИ, доделување на средства и сл.) | Број на организирани обуки.<br>Број на вклучени вработени од Одделението за соработка со невладини организации.<br>Број и квалитет на изготвени документи за поддршка на работата на Комисијата за | ■ Да<br>☐ Не<br>☐ Во тек | Во текот на 2012 година беа организирани обуки во рамките на ИПА 2008 проектот „Техничка поддршка на Одделението за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат“:<br>Обука на работно место за управување со грантови (10-11.04.2012 год.) и Работилница за градење капацитети „Влада и граѓанско општество - законска рамка и можности за соработка“ (03.-04.05.2012 год., Скопје)<br>Обука на членовите на Комисијата за ОЈИ и вработени во Одделението за соработка со НВО „Статус од јавен интерес“ (09-10.07.2012 год. Скопје).<br>Административно техничка и стручна поддршка на Комисијата за ОЈИ: Одделението за соработка со НВО подготви Предлог - Деловник за работа на | Генерален секретаријат-Одделение за соработка со НВО | | | |

